# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров излегува по потреба | 26 Април 2024 година Скопје<br>Бр.6 Год. XIX |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

**Издавач:** **Општина Ѓорче Петров**
**ул.Ѓорче Петров бр.22**
**Уредува:** **Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот**
**тел.** **02/2039-307 ; 02/2039-308**
**фах.** **02/2033-309**


*Содржина:*


1. Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 6.3 и ГП 6.4 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37, Општина Ѓорче Петров, Скопје ........................................ стр.2
2. Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 16.7 од ДУП Ѓорче Петров 37, Општина Ѓорче Петров, Скопје ........................................стр.4
3. Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 1.7 од ДУП за Градска четврт СЗ 18, Општина Ѓорче Петров, Скопје ........................................стр.6
4. Одлука за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација, за ГП 17.25, ГП 17.26 и ГП 17.27 од ДУП дел од УЗ Даме

Груев УБ 1, донесен со Одлука бр. 07-126/4 од 30.01.2009 год., Општина Ѓорче Петров, Скопје ........................................................................................................................стр.8

5. Стратегија за унапредување на родовата еднаквост во Општина Ѓорче Петров за 2024 – 2027..................................................................................................................стр.11
6. Одлука за ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект Детска градинка во Стопански Двор-Ново Село, Општина Ѓорче Петров – Скопје ........................стр.52

**Април 2024 годи**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 6.3 и ГП 6.4 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37**

Се објавува Одлуката за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 6.3 и ГП 6.4 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37, Општина Ѓорче Петров, Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и првата седница на советот, одржана на ден 26.04.2024 година.

**Број 02-793/1**
**од 26.04.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20 и број 111/23) и член 16 став (1) точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 41-та седница одржана на 26.04.2024 година, донесе:

## ОДЛУКА
## за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 6.3 и ГП 6.4 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 6.3 и ГП 6.4 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37, (донесен со Одлука на советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год., бр. 08-1378/8 од 15.07.2022 год., бр.08-2388/3 од 28.12.2022 год. и бр.08-1360/4 од 13.07.2023 год.), изработен од „ЗУМ ПРОЕКТ“ Скопје со техн. бр. 20/24 од март год., а по добиено позитивно Мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Ѓорче Петров со бр. 10-560/2 од 26.03.2024 год.

**Член 2**

Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 6.3 и ГП 6.4 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37 (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год., бр. 08-1378/8 од 15.07.2022 год., бр. 08-2388/3 од 28.12.2022 год. и бр. 08-1360/4 од 13.07.2023 год.), изработен од „ЗУМ ПРОЕКТ“ Скопје со техн. бр. 20/24 од март год. е составен дел на Деталниот урбанистички план М.З. Ѓорче Петров 37, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год.).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-718/3**
**од 26.04.2024 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 16.7 од ДУП Ѓорче Петров 37 Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 16.7 од ДУП Ѓорче Петров 37, Општина Ѓорче Петров, Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и првата седница на советот, одржана на ден 26.04.2024 година.

**Број 02-793/2**
**од 26.04.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20 и број 111/23) и член 16 став (1) точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 41-та седница одржана на 26.04.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за донесување наТехничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 16.7 од ДУП Ѓорче Петров 37, Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 16.7 од ДУП Ѓорче Петров 37, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со Одлука на советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год.), изработена од „ТАЈФА АРХИТЕКТИ“ ДООЕЛ Куманово со техн. бр. 38/23 од март 2024 год., а по добиено позитивно Мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Ѓорче Петров со бр. 10-373/4 од 14.03.2024 год.

**Член 2**

Техничката исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 16.7 од ДУП Ѓорче Петров 37, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со Одлука на советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год.), изработена од „ТАЈФА АРХИТЕКТИ“ ДООЕЛ Куманово со техн. бр. 38/23 од март 2024 год., е составен дел на Деталниот урбанистички план Ѓорче Петров 37, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год.).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-718/4**
**од 26.04.2024 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички планна нумерички податоци за ГП 1.7 од ДУП за Градска четврт СЗ 18 Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 1.7 од ДУП за Градска четврт СЗ 18, Општина Ѓорче Петров, Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и првата седница на советот, одржана на ден 26.04.2024 година.

**Број 02-793/3**
**од 26.04.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20 и број 111/23) и член 16 став (1) точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 41-та седница одржана на 26.04.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за донесување на Техничка исправка на урбанистички план**
**на нумерички податоци за ГП 1.7 од ДУП за Градска четврт СЗ 18**
**Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 1.7 од ДУП за Градска четврт СЗ 18, Општина Ѓорче Петров, Скопје (Одлука бр. 07-1936/4 од 14.07.2015 год.), Општина Ѓорче Петров, Скопје, изработен од ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ „МАКЕДОНИЈА“ А.Д. Скопје со техн. бр. ПРР 017-03-24 У од март 2024 год., а по добиено позитивно Мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Ѓорче Петров со бр. 10-363/4 од 02.04.2024 год.

**Член 2**

Техничката исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 1.7 од ДУП за Градска четврт СЗ 18, Општина Ѓорче Петров, Скопје (Одлука бр. 07-1936/4 од 14.07.2015 год.), Општина Ѓорче Петров, Скопје, изработен од ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ „МАКЕДОНИЈА“ А.Д. Скопје со техн. бр. ПРР 017-03-24 У од март 2024 год., е составен дел на Деталниот урбанистички план за Градска четврт СЗ 18, Општина Ѓорче Петров, Скопје (Одлука бр. 07-1936/4 од 14.07.2015 год.).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-718/5**
**од 26.04.2024 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1  точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на  Одлука за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 17.25, ГП 17.26 и ГП 17.27 од ДУП дел од УЗ Даме Груев УБ 1**

Се објавува Одлуката за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација, за ГП 17.25, ГП 17.26 и ГП 17.27 од ДУП дел од УЗ Даме Груев УБ 1, Општина Ѓорче Петров, Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и првата седница на советот, одржана на ден 26.04.2024 година.

**Број 02-793/4**
**од 26.04.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20 и број 111/23) и член 16 став (1) точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 41-та седница одржана на 26.04.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација, за ГП 17.25, ГП 17.26 и ГП 17.27 од ДУП дел од УЗ Даме Груев УБ 1**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација, за ГП 17.25, ГП 17.26 и ГП 17.27 од ДУП дел од УЗ Даме Груев УБ 1, донесен со Одлука бр.07-126/4 од 30.01.2009год. Општина Ѓорче Петров.

Планот за парцелација, како составен дел од Урбанистички проект со план за парцелација, за ГП 17.25, ГП 17.26 и ГП 17.27 од ДУП дел од УЗ Даме Груев УБ 1, донесен со Одлука бр. 07-126/4 од 30.01.2009 год., Општина Ѓорче Петров, е изготвен во целост почитувајќи ги одредбите зададени со важечкиот Детален урбанистички план дел од УЗ Даме Груев УБ 1, донесен со Одлука бр. 07-126/4 од 30.01.2009год. Општина Ѓорче Петров, како и согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20 и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива.

**Член 2**

Со Планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација, за ГП 17.25, ГП 17.26 и ГП 17.27 од ДУП дел од УЗ Даме Груев УБ 1, донесен со Одлука бр. 07-126/4 од 30.01.2009 год. Општина Ѓорче Петров, се поместуваат границите на соседните градежни парцели поради неусогласеност на градежните парцели со катастарските парцели, коишто не можат да се исправат и усогласат со постапката за техничка исправка, при што не се дозволува измена на останатите параметри утврдени со урбанистичкиот план. Со проектот се спроведува Деталниот урбанистички план дел од УЗ Даме Груев УБ 1, донесен со Одлука бр. 07-126/4 од 30.01.2009 год. Општина Ѓорче Петров, при што се врши уточнување на границите на ГП 17.25, ГП 17.26 и ГП 17.27 од ДУП дел од УЗ Даме Груев УБ 1, донесен со Одлука бр. 07-126/4 од 30.01.2009 год. Општина Ѓорче Петров. Со утврдување на нова парцелација, со поместување на границите на соседните градежни парцели се уточнуваат границите на предметните градежни парцели со границите на катастарските парцели, а во согласност со Член 63 став (2) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20 и 111/23), и Член 57 став (3) од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

**Член 3**

Планот за парцелација од Урбанистичкиот проект со план за парцелација, за ГП 17.25, ГП 17.26 и ГП 17.27 од ДУП дел од УЗ Даме Груев УБ 1, донесен со Одлука бр.07-126/4 од 30.01.2009год. Општина Ѓорче Петров, е изработен од „ИН-ПУМА“ ДООЕЛ Скопје со техн. бр. 65/23, со датум на изработка од февруари 2024 год.

Планот за парцелација е со следната содржина:

1. Опис и образложение на парцелацијата
2. Графички дел – план за парцелација
3. Синтезна карта

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-718/6**
**од 26.04.2024 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлука за усвојување на Стратегија за унапредување на родовата еднаквост во Општина Ѓорче Петров 2024-2027

Се објавува Одлуката за усвојување на Стратегијата за унапредување на родовата еднаквост во Општина Ѓорче Петров 2024-2027, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и првата седница на советот, одржана на ден 26.04.2024 година.

**Број 02-793/5**
**од 26.04.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на Член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21) и член 16 став (1) точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 41-та седница одржана на 26.04.2024 година, донесе:

## ОДЛУКА
## за усвојување на Стратегија за унапредување на родовата еднаквост во Општина Ѓорче Петров 2024 - 2027

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на Општина Ѓорче Петров ја усвои Стратегијата за унапредување на родовата еднаквост во Општина Ѓорче Петров 2024 – 2027.

Стратегијата е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-718/7**
**од 26.04.2024 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

# Стратегија
# за унапредување на родовата еднаквост
# во Општина Ѓорче Петров 2024 – 2027
# Општина Ѓорче Петров

## СОДРЖИНА

Предговор – Обраќање од градоначалникот .................................................. 13
1. ........................................................................................................................ Вовед ..........................14
**1.1. Правна рамка и стратешки документи за унапредување на родовата еднаквост ........................................................................................14**
2.Улогата на локалната самоуправа во промоција на еднаквите можности............... 22
3.........................................................................................Анализа на контекстот .......................... 23
**3.1. Население и работоспособност ........................................................ 23**
**3.2. Образование, претшколска возраст и социјална заштита... 24**
**3.3. Инфраструктура и урбанизам......................................................... 25**
**3.4. Спорт и култура........................................................................................ 26**
**3.5. Носење одлуки во рамките на локалната самоуправа .......... 28**
4. ......................................................................................Визија, мисија и вредности .......................... 29
5......................................................Стратешки приоритети и цели 2024 – 2027 .......................... 29
Стратешки приоритет 1 : Економско јакнење на жените и мажите ............................... 29
Стратешки приоритет 2: Унапредување на системот за грижа во делот на предучилишна возраст и стари и изнемоштени лица ................................................ 30
Стратешки приоритет 3: Елиминирање на насилство.......................................................... 22
Стратешки приоритет 4: Родови аспекти на образованието............................................ 23
Стратешки приоритет 5: Подобрување на инфраструктура .............................................. 23

Стратепки приоритет 6: Родовите аспекти во спортот ........................................................ 24
Стратешки приоритет 7: Родово-сензитивна промоција на културата ...................... 25
Стратешки приоритет 8: Отворена општина за сите............................................................ 26
Стратешки приоритет 9: Родовите аспекти и институционален развој во Општина Ѓорче Петров ......................................................................................................................... 26
6.................................................... Индикатори на ниво на цели и приоритети ......................... 35
7.........................................................................................Мониторинг и евалуација ......................... 36
8. ............................................................................................................ АКЦИСКИ ПЛАН ......................... 37
Прилог 1 – Институциограм.......................................................................................46
Прилог 2 – Основни поими..........................................................................................48

**Предговор – Обраќање од градоначалникот**



Почитувани,

Ви ја претставувам Стратегијата за родова еднаквост помеѓу мажите и жените за периодот од 2024 – 2027 година, која претставува стратешки документ на Општина Ѓорче Петров за унапредување на родовата еднаквост и еднаквите можности помеѓу жените и мажите.

Градиме општество во кое мажите и жените ќе ги имаат истите привилегии и одговорности што ќе ги остваруваат во заеднички проекти. Да придонесеме сите во унапредување на родовата еднаквост како клучна рамка во градење на демократијата и просперитетот во нашето општество. Наша цел како општина што е вклучена активно во овој процес е да ја унапредиме родовата еднаквост во согласност со меѓународните стандарди, препораки и обврски.

Родовите прашања и еднаквите можности на жените и мажите се уредуваат со Законот за еднакви можности на жените и мажите и ги опфаќа сите области од

секојдневното живеење: здравство и здравствено осигурување, социјална заштита, пристапот до добра и услуги, економијата, работните односи и вработувањето, образованието и стручното осигурување, економските и сопственичките односи, користењето на јавните производи и услуги (потрошувачките права), културата и спортот, информатиката, комуникациски технологии, одбраната и безбедноста, правосудството и управата, домувањето, јавното информирање, медиумите, државната и јавната администрација и во други области од општественото живеење.

Стратегијата ќе придонесе во промовирање на родовата еднаквост и справување со постојаните нееднаквости како и справување со различните пречки со кои се соочуваат жените и мажите во Општина Ѓорче Петров.

Изготвувањето и усвојувањето на оваа Стратегија е од важно значење како за жените така и за мажите во сите области од општественото живеење, сѐ со цел унапредување на родовата еднаквост и подобрување на животниот стандард за жителите на Општина Ѓорче Петров. При изготвување на Стратегијата што се однесува на период од четири години, Општина Ѓорче Петров ги примени начелата на отчетност, транспарентност, меѓусекторска соработка, одговорност кон граѓаните вклучувајќи ги мажите и жените еднакво.

Општина Ѓорче Петров се стреми кон континуирано подобрување на квалитетот, услугите безбедноста и стандардите на живеење преку креирање локални политики и воспоставување механизми за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, сѐ со цел кон транспарентна, модерна и развиена општина со квалитетни услови за живеење за сите граѓани.

Стратегијата за родова еднаквост помеѓу мажите и жените за период од 2024 – 2027 година ќе биде сеопфатна рамка за понатамошните активности во насока на родовата еднаквост и зајакнување на жените и мажите. Заложбите за еднакви можности меѓу мажите и жените да ги направиме заедно, а Стратегијата да биде само еден „документ“, кој ќе ни помогне да ги оствариме целите.

Со почит,

Градоначалник

Александар Стојкоски

## 1. **Вовед**

### 1.1. Правна рамка и стратешки документи за унапредување на родовата еднаквост

**Уставот** на Република Северна Македонија од 1991 година содржи повеќе одредби во однос на основните слободи и права на човекот и на граѓаните. Преку член 9, Уставот стипулира: „Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви“. Со ваквата одредба се утврдува начелото на еднаквост и се гарантираат еднакви права независно, меѓу другото, од полот. Вметнувањето на рамноправноста меѓу половите во одредбите на Уставот ја искажува политичката волја на највисокото законодавно тело. Нашата држава се наоѓа меѓу оние демократски држави што својот поредок го градат со целосно признавање и промовирање на еднаквите можности меѓу жените и мажите, како неизоставен предуслов за одржлив и демократски развој.

**Закон за еднакви можности меѓу жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“** бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21) го уредува воспоставувањето на еднаквите можности и еднаквиот третман на жените и мажите, основните и посебните мерки за воспоставување еднакви можности на жените и мажите, правата и обврските на одговорните субјекти за обезбедување еднакви можности на жените и мажите, постапката за утврдување нееднаков третман на жените и мажите, како и правата и должностите на правниот застапник за еднакви можности на жените и мажите како определено лице за спроведување на постапката за утврдување нееднаков третман на жените и мажите.

Целта на законот е да се воспостават еднакви можности за жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и во која било друга област од општествениот живот. Овој закон се однесува и на приватниот и на јавниот сектор, и тоа во сите сфери на живеење.

Законот пропишува општи и посебни мерки. Постојат три вида посебни мерки: позитивни, охрабрувачки и програмски мерки.

На централно ниво, законот ги предвидува следните институционални механизми:

- Во Собранието тоа е Комисијата за еднакви можности на жените и мажите како постојано работно тело на законодавниот дом.
- Во Владата се вклучени Сектор за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика и интерресорска советодавна и консултативна група.
- Министерствата и другите државни институции се должни да определат службено лице наречено координатор или заменик-координатор за еднакви можности од редовите на вработените.

На локално ниво, законот ги предвидува следните институционални механизми:

- Во Советот на општините постојат комисии за еднакви можности на жените и мажите.
- Локалните самоуправи се должни да определат службено лице – координатор или заменик-координатор од редовите на вработените. (Иако не е законски пропишано, денес многу од локалните самоуправи со поддршка на канцеларијата на ОН за унапредување на правата на жените (UN Women) имаат формирано официјални интерресорски групи за еднакви можности.)

Во случаи на дискриминација врз основа на полот, може да се поднесе претставка пред Народниот правобранител, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Правниот застапник за родова еднаквост при Министерството за труд и социјална политика. Претставки може да се поднесат и пред надлежните судови.

Собранието донесува осумгодишна Стратегија за родова еднаквост, која ја подготвува Владата. Владата донесува и спроведува повеќегодишни акциски планови за спроведување на Стратегијата. Се изработуваат годишни извештаи, кои се доставуваат до собраниската Комисија за еднакви можности на жените и мажите. Сите власти се должни да собираат и да анализираат статистички податоци разделени по пол и да ги доставуваат до Државниот завод за статистика.

Владата работи на нов закон за родова еднаквост, кој ќе се достави до новиот собраниски состав, со цел да се подобрат практиките за интегрирање на родовата перспектива во креирањето и спроведувањето на политиките.

**Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027** е основниот стратешки документ на Република Северна Македонија, со кој се воспоставува сеопфатна рамка со стратешки приоритети и активности за унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените во државата. Овој документ произлегува како обврска на државата пропишан во Законот за еднакви можности меѓу жените и мажите. Стратегијата поаѓа од темелните вредности за човекови права и уставниот поредок на државата, какви што се: владеење на правото, хуманизам, социјална правда, солидарност и почитување на меѓународното право. Стратегијата за родова еднаквост се заснова на начелата на законитост, јавност, транспарентност, одговорност, отчетност и меѓусекторска соработка.

Ова е четврта стратегија за родова еднаквост што ја има изготвено државата од донесување на Законот за еднакви можности меѓу жените и мажите. Овој стратешки документ ги обединува активностите во сите области на дејствување за постигнување родова еднаквост какви што се: економија, климатски промени, земјоделство, политика и носење одлуки, здравство, образование и наука, социјална сигурност, жени, мир и безбедност, пристап до правда, култура, спорт, медиуми, родово-базирано насилство, трговија со луѓе итн.

Визијата на Стратегијата е унапредување на родовата еднаквост во општество во кое жените и мажите, и девојчињата и момчињата, со сите нивни различности имаат еднакви права, пристап до ресурси, можности и заштита во сите сфери на животот, како услов за целокупен и одржлив економски, демографски и социјален развој и напредок на земјата, односно општество во кое жените и мажите ќе ги имаат истите привилегии и одговорности, а кои ќе ги остваруваат во вистинско заедничко партнерство.

За постигнување на целите и на резултатите на Стратегијата, вклучени се Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа, единиците на локалната самоуправа, како и сите засегнати чинители од спортските, културните, економските организации и други. Од особена важност за спроведувањето на Стратегијата е вклученоста на граѓанските организации, особено оние што работат на полето на родовата еднаквост, за создавање вистинско партнерство во унапредувањето на состојбата. Исто така, важни за спроведувањето на Стратегијата и за постигнувањето на целите се меѓународните организации што ја поддржуваат земјата во напредокот и во усогласувањето со меѓународните стандарди, политики и практики.

***Закони што ја унапредуваат родовата еднаквост на хоризонтално ниво***

Закон за спречување и заштита од дискриминација (258/20)

Закон за социјална заштита (104/19)

Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (24/21)

Закон за семејство (150/15)

Изборен законик (196/15)
Закон за работните односи (74/15)
Закон за минимална плата (132/17)
Закон за заштита од вознемирување на работното место (79/13)
Закон за прекинување на бременоста (101/19)
Закон за здравствена заштита (37/16)
Закон за бесплатна правна помош (101/19)
Закон за основно образование (161/19)
Закон за учебниците за основно и средно образование (21/18)
Закон за аудио и аудиовизуелните услуги (42/20)
Кривичен законик (36/23)
Закон за служба во Армијата на РСМ (14/20)
Закон за одбрана (42/20)

***Други стратешки документи важни за родовата еднаквост во државата***

Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Македонија 2019 – 2023
Национален акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција) 2018 – 2023
Националната стратегија за мали и средни претпријатија 2018 – 2023
Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој (НСЗРР) 2021 – 2027
Стратегијата за образование 2018 – 2025 со Акцискиот план ги одредува насоките за развој на образованието до 2025
Националната стратегија за млади 2016 – 2025
Националната стратегија и Акциски план за контрола на мало и лесно оружје (МЛО) 2022 – 2024
Национална стратегија и Акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција за периодот 2021 – 2026
Националната стратегија за унапредување на менталното здравје 2018 – 2025
Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на Организацијата на Обединетите нации 1925 „Жени, мир и безбедност“ 2020 – 2025
Долгорочен план за развој на одбраната 2019 – 2028 и Среднорочен план за развој на одбраната 2020 – 2023
Регулаторната стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност 2019 – 2023
Национална стратегија (2020 – 2025) и Акциски план (2020 – 2022) за превенција и заштита на децата од насилство
Долгорочна Стратегија за климатска акција 2021 – 2030

Национална стратегија за деинституционализација во Република Македонија 2018 – 2027
Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија 2009 – 2030

*Стратешки документи што треба да се обноват*

Стратегијата за едно општество и интеркултурализам 2020 – 2022 (истечена)
Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2018 – 2022 (истечена)
Националната програма за достоинствена работа 2019 – 2022 (истечена)
Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој 2018 – 2022 (истечена)
Стратегијата за вклучување и комуникација со заедницата 2020 – 2022 (истечена)
Национална стратегија за развој на културата 2018 – 2022 (истечена)

*Родовата еднаквост во законодавството на ЕУ*

Стандардите на ЕУ за родова еднаквост се пренесени во домашната законска рамка на Северна Македонија, особено преку донесувањето на Законот за еднакви можности на жените и мажите. Овие стандарди се од особена важност за унапредувањето на родовата еднаквост во државата бидејќи како земја кандидатка за членство во Европската Унија, Северна Македонија е задолжена да ги усогласи стандардите и правото на ЕУ со домашната легислатива преку т.н. програмата за усогласување на националното право со EU *aquis*.

Клучните директиви на ЕУ што се однесуваа на промовирање на родовата еднаквост главно преку превенција и заштита од родово-базирана дискриминација се:

- Директива 79/7 од 19 декември 1978 година за прогресивно спроведување на принципот на еднаков третман на мажите и жените во областа на социјалното осигурување.
- Директива 92/85 од 19 октомври 1992 година за воведување мерки за поттикнување на подобрувања во безбедноста и здравјето при работа на бремени работнички што неодамна се породиле или дојат.
- Директива 2004/113 од 13 декември 2004 година за спроведување на принципот на еднаков третман помеѓу мажите и жените во пристапот и снабдувањето со стоки и услуги.
- Директива 2006/54 од 5 јули 2006 година за спроведување на принципот на еднакви можности и еднаков третман на мажите и жените во однос на вработување и занимање (преработен).
- Директива 2010/41 од 7 јули 2010 година за примена на принципот на еднаков третман помеѓу жените и мажите ангажирани во активност на самовработување и за укинување на Директивата на Советот од 11 декември 1986 година.
- Директивата 2019/1158 за рамнотежа на приватниот и на професионалниот живот за родители и луѓе што се грижат за други и укинување на директивата 2010/18 од 8 март 2010 година за спроведување на ревидираниот Рамковен

договор за родителско отсуство склучен од BUSINESSEUROPE, UEAPME, CEEP и ETUC.

- Преработената директива 2000/31/ЕС од 19 октомври 2022 година за дигитални услуги, со која се отвора простор за санкционирање на насилството во онлајн просторот преку поригорозно регулирање на содржината на онлајн платформите.

Во 2021 година е предложена уште една друга директива од Европската комисија и е на повидок да биде изгласана и усвоена, а која дополнително ги регулира односите поврзани со родовата еднаквост.

- Директивата COM/2021/93 за јакнење на имплементацијата на принципот на еднаква плата за еднаква работа или работа од еднаква вредност меѓу мажите и жените преку транспарентност во платите и вклучување соодветни механизми за имплементација.

*Родовата еднаквост во надворешната политика на ЕУ (кон земјите кандидатки, потенцијални кандидатки и други земји во развој)*

Акцискиот план за родова еднаквост и еманципација на жените во развој на ЕУ за периодот 2010 – 2015 (GAP I) е првиот документ што ги одразува попрецизно заложбите на ЕУ за родова еднаквост во своите надворешни политики ставени во рамка на дискурсот на земји во развој. Имено, документот се заснова на пошироката политика на ЕУ одразена во Планот за еднаквост помеѓу жените и мажите за периодот од 2006 до 2010 година, кој ги покрива внатрешните и надворешните политики на ЕУ и има за цел да ја подобри кохерентноста помеѓу овие два столба преку промовирање на родовата еднаквост и еманципација на „жените во развој“ и обезбедување соодветни човечки и финансиски ресурси. Имајќи предвид дека ова е првиот документ од овој вид, целите и индикаторите предвидени со него се на едно основно и општо ниво, со главен фокус на водење родово-разделени податоци и повеќе активности насочени кон борба против насилство врз жените и родово-базираното насилство и дискриминација. Дополнително, овој план се соочи со големи предизвици во неговото спроведување, пред сè во обезбедувањето финансиски и човечки ресурси и интегрирањето на родовата перспектива во сите политики и на сите нивоа од политичкиот дијалог.

По истекот на овој план и дадените препораки за подобрување на спроведувањето на планот, беше креиран нов Акциски план (GAP II) именуван како – Родова еднаквост и зајакнување на жените: трансформирање на животите на девојчињата и жените преку надворешни односи на ЕУ 2016 – 2020. Овој план содржеше сет специфични цели, за постигнување конкретен напредок за девојките и жените во надворешните односи на ЕУ. Надградувајќи се на научените лекции од првиот акциски план на ЕУ за родова еднаквост 2010 – 2015, ГАП II беше пофокусиран и обезбеди клучни насоки за зајакнување на поддршката на ЕУ за жените и девојчињата, како и за подобрување на начинот на кој ЕУ ја интегрира родовата еднаквост внатрешно во своето програмирање, фондови и креирање на политиките. ГАП II постави пет минимални стандарди како неопходен предуслов за постигнување на дадените цели какви што се: спроведување родова анализа за сите приоритетни сектори, користење родови маркери, евидентирање податоци разделени по пол што ќе се користат во текот на целиот проектен и програмски циклус, достапна родова експертиза и известување за тематските целите на ГАП II што требаше да се изберат од делегациите на ЕУ. Овие

тематски цели беа поделени на тематски приоритети, какви што се физички и психолошки интегритет, економски, социјални и културни права односно економско и социјално зајакнување на жените и политички и граѓански права преку глас и учество. Дополнително, ГАП II содржеше и една хоризонтална цел, а таа е менување на институционалната култура во надворешните односи на ЕУ. Иако, усвојувањето на ГАП II беше клучен момент за менување на начинот на кој ЕУ ја поддржува, и работи на родовата еднаквост, сепак, овој документ не беше имплементиран соодветно во нашата држава. Имено, минималните стандарди не беа исполнети, а примената на родовите маркери не беше соодветна.

**Најновиот акциски план на ЕУ – ГАП III** – насловен како „Амбициозна агенда за родова еднаквост и зајакнување на жените во надворешната политика на ЕУ" – е подготвен за имплементација во периодот од 2021 – 2025 година. Овој план се состои од два документа, и тоа еден документ во кој се наведени основните начела на планот и тематските области што ги опфаќа, како и сеопфатен документ со цели и индикатори што се придружни мониторирачки и мерливи инструменти на заложбите во ГАП III. ГАП III, пред сѐ, ги одразува целите на Стратегијата за родова еднаквост на ЕУ од 2020 година и се заснова на 5 столба на акција:

*Столб 1* – 85% од сите нови програми/проекти во рамките на надворешните односи на ЕУ до 2025 година ќе придонесуваат кон родова еднаквост и јакнење на жените

*Столб 2* – Споделена стратешка визија и блиска соработка со државите членки и со партнерските држави на мултилатерално, регионално и на национално ниво

*Столб 3* – ГАП III повикува на забрзан развој кон постигнување на родовата еднаквост, фокусирајќи се на 6 клучни тематски области

*Столб 4* – Водење по пример – планот ја повикува Европската Унија да го претставува примерот на кој ќе се огледуваат другите држави вклучително преку инкорпорирање родово-одговорно и родово-балансирано лидерство на сите високи политички функции и позиции со моќ на одлучување

*Столб 5* – Мерење на резултатите – ГАП III применува нов пристап на мониторирање, евалуација и учење со засилен фокус на мерење на резултатите од самиот акциски план. Ова е една од главните разлики со претходниот акциски план, а овој план тоа го прави преку придружниот документ со јасно поставени цели, индикатори, таргети и засегнати чинители.

Во рамките на третиот столб, планот предвидува фокусирани активности поделени на шест тематски области: (1) Ослободување од сите форми на родово-засновано насилство, (2) Промовирање сексуално здравје и репродуктивни права, (3) Зајакнување на економските и на социјалните права и зајакнување на девојчињата и жените, (4) Унапредување на еднакво учество и лидерство, (5) Предизвици и можности за зелена транзиција и дигитализација и (6) Интегрирање на агендата за жени, мир и безбедност.

Дополнително, новина во овој план е и родово-трансформативниот и интерсекцискиот пристап што го зазема ЕУ кон јакнење на жените, девојчињата и младите луѓе за целосно уживање на нивните права и зголемување на нивното учество во политиката, економијата, социјалниот и културниот живот. Целта на овој пристап е да се адресираат структурните причини за родовите нееднаквости и родово-базираната дискриминација, вклучително и преку активно учество на мажите и момчињата во надминувањето на родовите норми и стереотипи. Исто така, планот ја зема предвид интерсекциската димензија на родовата дискриминација опфаќајќи ги категориите луѓе што се соочуваат со ваков вид дискриминација какви што се жените

со попреченост, жените бегалци и жени што се дискриминирани поради својата возраст и сексуалната ориентација.

*Меѓународна правна и стратешка рамка*

Република Северна Македонија е потписничка на **Пекиншката декларација и Платформа за акција** (1995). Преку овој клучен стратешки документ, меѓународната заедница, вклучително и Македонија како членка на Обединетите нации, се обврза за подобрување на статусот на жените и нивно зајакнување во јавниот и во приватниот живот. Дополнително, земјите членки на ООН се обврзаа за имплементација на Платформата за акција, која посветува внимание на неколку главни тематски области во кои е потребно итно унапредување на родовата еднаквост, а тоа се: сиромаштијата, образованието, здравјето, насилството, вооружените конфликти, економијата, учеството во процесите на донесување одлуки и медиумите.

Понатаму, **Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените** (ЦЕДАВ) е исто така еден од поважните документи за правата на жените. Конвенцијата е меѓународен легален инструмент што налага земјите членки на ООН да ја искоренат дискриминацијата врз жените и девојчињата во своите земји, и тоа во сите области од општественото живеење и притоа да ги промовираат и да ги овозможуваат женските права. Во согласност со обврските кон оваа конвенција Република Северна Македонија го поднесе шестиот периодичен извештај во 2017 година, а Комитетот ги објави неговите заклучоци и препораки во 2018 година. Во тек е поднесувањето на новиот периодичен извештај кон Комитетот за ЦЕДАВ и од државата и од граѓанските здруженија што поднесуваат извештаи во сенка за состојбите со дискриминацијата врз жените и девојчињата во државата.

Во 2015 година сите земји членки на ООН, вклучително и нашата држава, ги усвоија Целите за одржлив развој (ЦОР) од Агендата за одржлив развој 2030, кои ги даваат главните насоки за целокупен просперитет, мир и одржлив развој. Петтата цел за одржлив развој е „Постигнување родова еднаквост и зајакнување на сите жени и девојчиња“ и се однесува на постигнување родова еднаквост преку воведување мерки за унапредување на положбата на жените во светот. Конкретни цели за кои треба да се воведат мерки за унапредување на положбата на жените во светот се:

- Да се укинат сите форми на дискриминација против жените и девојчињата, насекаде;
- Да се елиминираат сите форми на насилство врз жени и девојчиња во јавната и во приватната сфера, вклучително и трговијата со луѓе, сексуална и друг вид експлоатација;
- Да се елиминираат сите штетни појави, какви што се присилни бракови со деца, бракови во рана возраст и генитално осакатување на женската популација;
- Да се признае и да се вреднува неплатената нега и домашната работа преку овозможување јавни услуги, инфраструктура и политики за социјална заштита и промоција на заедничка одговорност во рамките на домаќинствата и семејствата;
- Да се загарантира целосно и ефективно учество на жените и еднакви можности за лидерство на сите нивоа при донесувањето одлуки во политичкиот, економскиот и во јавниот живот;
- Да се обезбеди универзален пристап до правото на сексуално и на репродуктивно здравје во согласност со Програмата за акција на

Меѓународната конференција за население и развој и Пекиншката платформа за акција и документите што се резултат на овие конференции;

- Да се преземат реформи за еднаков пристап на жените до економски ресурси, како и пристап до земјиште и до други форми на сопственост, финансиски услуги, наследство и природни ресурси, во согласност со националните закони;
- Да се зголеми примената на технологии што обезбедуваат подобри услови, особено во информатичката и во комуникациската сфера, со цел промовирање на зајакнувањето на жените;
- Да се усвојат и да се подобрат здрави политики и акти за нивно спроведување, со цел подобрување на родовата еднаквост и еманципација на сите жени и девојки на сите нивоа.

Македонија е членка и на **Советот на Европа** и треба да ги спроведува заложбите и прописите на Советот за обезбедување соодветно ниво на социјална заштита, особено за најранливите категории граѓан(к)и. Стратешките приоритети на Стратегијата за родова еднаквост на Советот на Европа 2018 – 2023 се фокусираат на превенција и борба против родови стереотипи и сексизам, превенција и борба против родово-базирано насилство, еднаков пристап до правда за жените, балансирано учество на жените и на мажите во донесување одлуки, заштита на правата на жените и на девојките баратели на азил, мигранти и бегалци и интеграција на родовите политики во сите политики и мерки. Република Северна Македонија учествува во изработката на Стратегијата на Советот на Европа преку свои претставници во Комитетот за родова еднаквост на Советот на Европа. Еден од најзначајните документи што произлегува од Советот на Европа е **Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција)**, кој претставува сеопфатен документ во областа борба против насилство врз жените и е основа и обврска на нашата држава кон правилно препознавање, превенција и заштита на жените и девојчињата од родово-базирано, како и од семејно насилство.

## 2. Улогата на локалната самоуправа во промоција на еднаквите можности

Меѓународните и националните документи за унапредување на еднаквоста и вклучување на родовите перспективи во сите политики и стратегии, еднакво се однесуваат и на централните институции и на единиците на локалната самоуправа. Нивната улога е особено значајна затоа што тие се најблиску до граѓаните. Примената на родовите аспекти и родово-одговорното буџетирање на локално ниво ќе овозможи да се идентификуваат различните проблеми со кои се соочуваат жените и мажите, а кои произлегуваат од нивните различни потреби. На тој начин локалната самоуправа ќе биде во можност овие приоритети да ги рефлектира во локалните програми, проследени со соодветни индикатори што ќе го мерат успехот и ќе идентификуваат насоки за понатамошно дејствување. Оттука, клучните актери во промовирање на родовата интеграција и родово-одговорното буџетирање на локално ниво се: (1) креаторите на локалните политики, односно членовите на Советот и градоначалникот, кои ги носат одлуките за програмите и за буџетите. Нивната улога во разбирањето на импликациите на програмите за различни групи граѓани е клучна; (2) јавната

администрација, која воспоставува системи за трошење и следење на трошоците и известување; дава предлози за нови активности; одлучува или помага да се одлучи како расходите да се испланираат во нивниот сектор. Нејзината сензибилизација за родовите прашања обезбедува долгорочност, институционална меморија и успешност во имплементација на родово-сензитивни локални политики/програми; и (3) невладини организации, синдикати, истражувачки организации, организации на работодавачи на територијата на општината, кои се главни чинители што можат да ги поддржат локалните власти со предлози, анализи при поставувањето на приоритетите, програмите и индикаторите и да ја помогнат нивната имплементација.

Ваквиот пристап треба да доведе кон основните придобивки од спроведувањето на стратегиите за родова еднаквост и родово-одговорното буџетирање во локалните самоуправи, а се однесуваат, пред сѐ, на подобрување на квалитетот на живеење во заедницата, преку:

- Намалување на социјално-економските диспаритети, настанати како резултат на нееднаквата положба на мажите и жените и подобрување на еднаквите можности;
- Намалување на сиромаштијата;
- Разбирање и обезбедување видливост на влијанијата што можат да ги имаат локалните политики и програми на различни категории граѓани, особено на мажите и жените;
- Рамноправна распределба на буџетските средства на фер, праведен, ефикасен и одговорен начин;
- Подобрување на ефикасноста и на ефективноста на влијанието на локалните политики и програми и разбирање дека од расходите ќе имаат корист оние на кои најмногу им е потребно;
- Поттикнување на транспарентноста и на отчетноста на локалните институции;
- Напредок на локалните власти во однос на демократијата, праведниот економски развој и родовата еднаквост;
- Поттик за локалната самоуправа и за организациите во нејзина надлежност да водат родово-разделена статистика и да ги темелат иницијативите на анализи, кои, пак, ќе обезбедат подобро разбирање како се трошат средствата и ќе ја зголемат ефикасноста на политиките.

## 3. Анализа на контекстот

### 3.1. Население и работоспособност

Општината Ѓорче Петров (ОЃП) се наоѓа на северозападниот дел на Скопје, на пет километри од централното градско подрачје. На нејзина територија се наоѓаат и селата Грачани, Кучково, Никиштане, Орман, Волково, Ново Село и Кисела Јабука. Според пописот од 2021 година, општината има вкупно 44.844 жители, од кои 22.005 мажи и 22.839 жени. Според етничката припадност, 80% се декларираат како Македонци (односно 35.971 граѓан(к)и), речиси 4% како Албанци (1.765 жители), 2% Роми – 1.068, 2% Срби – 1.266, 0,3% Власи – или 156 жители, 0,6% Турци – 272 граѓан(к)и, 1% Бошњаци (459) и 1% други (531). Главниот дел од населението е писмено и го сочинуваат 37.070 жители. Неписменото население го сочинуваат 211 жители, од кои 32,7% мажи и дури 67,3% жени.

Во однос на работната сила, 38.144 граѓан(к)и се регистрирани како работоспособно население на возраст над 15 години до 65 години, од кои 48,5 проценти се мажи и 51,5% жени. Од работоспособното население, 19.421 се вработени жители, од кои 51,5% мажи и 48,5% жени. Уште од овие податоци може да се заклучи дека иако жените, во нешто поголем број, го сочинуваат работоспособното население, кога станува збор за вработеноста, ситуацијата е обратна и бројките се во мала мера во полза на мажите.

Дополнително, од невработеното население (1.900 граѓан(к)и) кое е активно на пазарот на трудот, односно иако не е вработено, активно бара работа, 56,7% се мажи и 43,2% се жени. Од друга страна, жените сочинуваат 56% од неактивното население, за разлика од мажите што сочинуваат 44%. Ова значи, дека иако разликите меѓу мажите и жените на пазарот на трудот во општината Ѓорче Петров не се толку фрапантни, сепак жените се мнозинството од населението што ниту е вработено ниту бара работа. За да биде уште повоочливо дека нееднаквите родови улоги не се целосно надминати, сведочат и бројките што ги даваат причините поради невклученоста на пазарот на трудот. Па, така, од граѓаните што не бараат работа поради категоријата „домаќинка“, 98% се жени (1.658 граѓанки), а нецели 2% се мажи. Ова упатува на фактот дека сè уште жените се оние што го носат товарот на домашните обврски што ги спречуваат од активно учество на пазарот на трудот, а со тоа се изложени на ризик од економска зависност и потенцијално насилство.

## 3.2. Образование, претшколска возраст и социјална заштита

Главно населението на општината Ѓорче Петров е писмено и го сочинуваат 37.070 жители. Неписменото население го сочинуваат 211 жители, од кои 32,7% мажи и дури 67,3% жени.

Во однос на децата згрижени во претшколска возраст, бројот на машки и женски деца е незначително различен. За разлика од националната состојба, каде што од вкупниот број згрижени деца во градинки 52% се женски и 48% се машки, во ОЃП 54% од запишаните деца во градинки се машки и 46% се женски. Процентот на згрижени деца во градинките (1.188) во однос на вкупниот број деца до 6-годишна возраст (2.698 деца)[1] во општината е 44%. Иако има подобрување низ текот на годините, процентот на згриженост на децата од претшколска возраст во општината е главно на ниско ниво.

Општината има една градинка со дополнителни 4 клонови-градинки, од кои една се наоѓа во рурална средина во село Волково. Бројот на деца до 5 години што живеат во рурални средини во општина ЃП е 490. Овој број е диспропорционално поголем во однос на капацитетите на установата за згрижување деца од претшколска возраст во руралната средина Волково.

Оттука може да се заклучи дека бројот на места за деца во градинките не е доволен. Овој проблем опстојува уште од претходниот стратегиски период, иако оттогаш бројот на установи за згрижување е зголемен за еден, но и бројот на згрижени деца е речиси непроменет оттогаш. Податоците од тој период укажуваат на долг список на чекање од повеќе од 600 деца. Поради горенаведениот проблем, голем притисок се врши на постојните објекти во урбаниот дел на општината. Во градинките групите се со повеќе од 30 деца, што е надвор од пропишаните стандарди.

Преоптовареноста на градинките и немањето место за професионално згрижување деца во претшколска возраст, го зголемува ризикот од продлабочување на родовиот јаз. Анализите покажуваат јасна корелација помеѓу вклученоста на жените на пазарот

[1] Мак стат база, Резидентно население по поединечни години на возраст и пол, по општини, Попис, 2021 г.

на трудот и бројот на установи за детско згрижување во нивната општина/локална заедница[2]. Дополнително, бројот на вработени жени во градинките (113) е диспропорционално поголем од бројот на вработени мажи (10).

Според пописот од 2021 година, на територијата на општината Ѓорче Петров има 8 основни училишта, во кои учат вкупно 1.702 ученички и 1.840 ученици. Бројот на наставници/чки, пак, во основите училишта е 236 наставнички и 52 наставници, од кои со полно работно време – 208 наставнички и 29 наставници. Според податоците на Општината, во училиштата има четири жени и двајца мажи директори.

Според податоците на ДЗС, во општината има едно средно училиште во кое има 23 паралелки, 94 ученички и 143 ученици. Бројот на наставници/чки во училиштето е 27 жени и 10 мажи, од кои 22 и 9 со полно работно време соодветно. Директорката на училиштето е жена.

Ваквите бројки за образовниот систем во основно и во средно училиште (па и во претшколска возраст) укажуваат на два тренда. Од една страна, во пониските степени каде што грижата за децата освен образовна, е исто така и воспитна, се чини дека најголемиот број воспитувач(к)и и наставници/чки се жени што ја потврдува нивната улога во општеството на згрижувачи и даватели на нега. Од друга страна, во средните училишта е видлив уште еден тренд, а тоа е дека иако е помал бројот на наставници наспроти наставнички во училиштето, сепак 90% од мажите се вработени со полно работно време, наспроти 80% од жените.

Според податоците од Општината, на територијата на општината има 4 дома за стари лица, но сите тие се во приватна сопственост.

66 лица примаат детски додаток, 109 лица посебен додаток, еднократна помош за новороденче е доделена 319 пати, образовен додаток примаат 27 носители и родителски додаток за трето и четврто дете примиле 365 родители/семејства.

Во последната година имало 39 пријави на семејно и родово-базирано насилство, од кои 21 пријава била од жени и 7 пријави од мажи.

Главните проблеми поврзани со социјална заштита што ги детектира Општината, може да се класифицираат во 4 подгрупи.

(1) Населението на општината се смета за „старо“ население односно бројот на лица над 64 години далеку го надминува бројот на деца до 15 години.[3] Иселувањето на млади, работоспособни лица, е исто така видлива тенденција. Ваквата состојба ги остава старите и изнемоштени лица без соодветна грижа.

(2) Во моментот општината нема доволно капацитети за згрижување или акомодирање на потребите на децата со попреченост.

(3) Насилството (вклучително родово-базираното насилство и врсничкото насилство) е видлив проблем, кој бара адресирање преку превенција и заштита на жртвите и едукација на засегнатите професионалци.

(4) По социо-економската и здравствена криза со КОВИД-19 и вооружените конфликти во регионот, населението во општината е сè посиромашно со зголемена потреба од социјална помош.

## 3.3. Инфраструктура и урбанизам

Во однос на инфраструктурата на општината и покриеноста со комплетна водоводна, канализациска, патна и улична (осветлување) мрежа, може да се забележи

[2] Индекс на родовата еднаквост на општините

[3] 64+ години = 8.799 жители, до 15 години = 6.700 жители. (извор ДЗС, Попис, 2021 г.)

напредок, но сепак недостасува уште до целосна покриеност. Имено, според податоците од соодветните сектори во Општината, 90% од територијата е покриена со мрежа за водоснабдување и систем за фекална канализација. Дополнително, 85% од територијата на општината е покриена со патна мрежа како и со улично осветлување.

Во 2022 година биле поднесени вкупно 46 барања за добивање одобренија за нови градби, од кои 30 барања биле поднесени од мажи, а 16 барања од жени. Понатаму, биле поднесени 7 барања за одобрувања доградби и надградби, од кои 4 од мажи и 3 од жени. Во однос на сопственоста на земјиште и имот, 80% од имотот е во сопственост на мажи и 20% во сопственост на жени. Овој податок е во корелација и со националната состојба во поглед на поседување имот и земјиште и е проблем што бара системско решение од воведување активни мерки, до менување на свеста на граѓаните.

### 3.4. Спорт и култура

Спортот е тема што добива сè поголемо внимание на глобално ниво. Се препознава дека спортот и спортските активности се корисни за здравјето и за благосостојбата на човекот без разлика на кој пол и род припаѓа, како и на општеството во целина. Спортот не само што придонесува за целокупно здравје и благосостојба, туку помага и за создавање социјални врски помеѓу луѓето и заедниците, го гради карактерот и помага за здрав поглед на светот. Освен тоа, спортот придонесува за градење и одржување мирни и хармонични општества. Оттука и еднаквиот пристап и еднаквите можности за сите во спортот се од голема корист за општеството, за бизнисите и за луѓето.

На територијата на ОЃП активно дејствуваат 24 спортски клубови или здруженија на граѓани со главен фокус на работа – спорт. Во нив спаѓаат Фудбалски клуб Македонија Ѓорче Петров Скопје, Здружение Фудбалски клуб Македонија Ѓорче Петров 1932 Скопје, Карате клуб НИКЕ, Боди билдинг и фитнес клуб Скопје, Здружение на граѓани Кошаркарски клуб Ѓорче Петров баскет, Здружение на граѓани Коњаничко-комитски-војводски чети, Здружение на граѓани за спорт и спортска рекреација СПОРТРЕК, Здружение Атлетски клуб Лирија, Здружение на граѓани општински сојуз на училиштен спорт Ѓорче Петров Скопје, Одбојкарски клуб Ѓорче Петров, Карате клуб САНБОН, Карате клуб Ѓорче Петров, Боксерски клуб 10-60, ФК Њу стар, Ракометен клуб Македонија Ѓорче Петров, Тениски клуб „Вилсон спорт“, Фудбалски клуб „Голден њу Старс“, Фудбалски клуб ВОЛКОВО – Јуниор, Отворена забавна фудбалска школа на Македонија, ЖРК Ѓорче Петров. Како што е видливо, најголем број од клубовите се фудбалски, по што следуваат карате клубови и други клубови што се занимаваат со спортови во кои претежно се вклучени мажи. Од сите регистрирани клубови на територијата на ОПЃ, само еден е експлицитно женски клуб, а тоа е Женскиот ракометен клуб Ѓорче Петров. На територијата на општината има вкупно 5 спортски сали и игралишта. Капацитетите на спортските сали и на игралиштата сè уште не се доволно искористени, а заинтересираноста на девојчињата за спортовите што се нудат е недоволна.

Оттука, Општината треба да работи на унапредување на спортот кај девојчињата и поддршка на спортови приспособени на интересите на младите девојчиња и момчиња. Општината ги идентификува следните потреби од областа за новата Стратегија за родова еднаквост:
- Да се ревидираат повеќе политики, закони и стратегии за спортот и во нив да се вклучи родовата перспектива;
- Да се развијат и да се практикуваат повисоки професионални стандарди;
- Развивање на свеста за значењето на родовата еднаквост во спортот;
- Истражувања за различни аспекти на спортот, кои се засновани на докази и достапни за широката јавност;
- Признанија за женските спортови и за успесите на жените во спортот;
- Изедначување на финансиските приходи за мажите и за жените;
- Родово-сензитивно укажување на успесите на службената веб-страница;
- Превенција и заштита од родово-базирана дискриминација и родово и сексуално вознемирување;
- Следење и корелација на националната стратегија.

Односите меѓу мажите и жените и родовите улоги се тесно поврзани со културата. Ако културата подразбира збир од духовни, материјални, интелектуални и емоционални карактеристики што се типични за едно општество или социјална група, вклучувајќи ги фундаменталните права на луѓето, вредностите, традициите и верувањата, тогаш јасно е дека родовиот идентитет има суштинско значење во промоција на тие вредности и верувања и е тесно поврзан со културата. Во Општина Ѓорче Петров традиционално се негуваат и финансиски се поддржуваат културните и историските традиции, етнологијата и фолклорот. Општината логистички и финансиски организира неколку културни манифестации и настани во согласност со Програмата за култура. Во 2022 година, Општината била носител на седум поголеми настани: одбележување на Денот на паднатите бранители во 2001 година, Културно-уметничка програма по повод одбележување на 20 септември – ден на Општина Ѓорче Петров, Литературно читање во спомен-соба на Анте Поповски, Звуци на културата 2023, Детски фестивал, Заеднички концерт на сите ООУ, Новогодишна претстава за деца. Исто така, со финансиска и логистичка поддршка, Општината поддржува други настани какви што се одбележување државни и верски празници какви што се: Водици, Св. Трифун, одбележување на Василица, прослава на празникот Св. Сава, Денот на Ромите – 8 април и одбележување државни празници во согласност со одредените празници од Владата за тековната календарска година. Општината исто така учествува во организирање културни настани како дел од програмите на културно-уметничките друштва што дејствуваат на територијата на општината, и надворешни проекти на авторк/и, уметници, здруженија, фондации и други организации што вршат дејност во областа на културата. Од наведените културни настани што се поддржани од Општината, видливо е дека само еден ден е посветен на празник што ги слави различностите и може да се смета за инклузивен на етничките

малцинства, а тоа е одбележувањето на Денот на Ромите. Преку културата се градат цврсти идеи за родовите улоги, но таа може и да придонесе кон рушење на бариерите за жените и мажите што се диктирани од т.н. културни и традиционални вредности. Затоа, Општината ќе се стреми кон поддршка и организација на настани што промовираат родова еднаквост и унапредување на положбата на жените преку одбележување денови што ја подигнуваат јавната свест за улогата на жените и мажите во општеството, положбата и проблемите со кои се соочуваат жените во нашето општество и можностите за нивно економско, културно и социјално јакнење.

### 3.5. Носење одлуки во рамките на локалната самоуправа

Општина Ѓорче Петров се грижи за рамноправно учество на жените и мажите при процесите на носење одлуки во самата општина. На чело на Општината се наоѓа градоначалник маж. Од 11 одделенија во Општината, 8 се раководени од жени, а 3 одделенија од мажи. Понатаму, Општината брои 9 комисии со кои претседаваат 5 претседатели и 4 претседателки. Поединечно, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите брои 5 члена, од кои 4 се жени и 5 мажи. Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања брои 4 члена, од кои 3 мажи и 1 жена. Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој е составена од 4 члена, по двајца мажи и две жени. Комисијата за статут и прописи има 4 члена, 3 жени и 1 маж. Комисијата за образование, наука, здравствена, социјална заштита и заштита на деца брои 4 члена, од кои 2 мажи и 2 жени. Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина брои 3 мажи и 1 жена. Иста е состојбата и со Комисијата за комунални дејности, улици и патишта (4 мажи, 1 жена). Во Комисијата за култура, спорт, млади, признанија и награди има 4 члена, 2 мажи и 2 жени. Конечно, Комисијата за меѓународна соработка и соработка со невладини организации, здруженија и фондации брои 3 жени и 1 маж, вкупно 4 члена. Советот на Општината брои 23 члена, од кои 10 се жени, а 13 мажи. Локалниот младински совет, пак, брои 215 члена, од кои 186 мажи и само 26 жени.

Иако Општината главно води сметка за рамномерна застапеност на жените и мажите во носењето одлуки во самата институција, во неколку сектори се забележливи мали недостатоци како што е учеството на млади жени во креирањето на општинските политики и отсуството на мажи во прашањата поврзани со родовата еднаквост. Оттука, Општината ќе се стреми кон зголемување на интересот на мажите да се вклучат во Комисијата за еднакви можности и да станат активни застапувачи за унапредување на родовата еднаквост. Исто така, Општината ќе предвиди активности за зголемување на интересот на младите жени за нивно поголемо учество во локалниот младински совет што би влијаело во голема мера врз унапредување на статусот на младите жени и девојчиња и креирање политики што ќе ги промовираат нивните интереси и потреби.

## 4. Визија, мисија и вредности

ВИЗИЈА
Општина Ѓорче Петров како отворена, модерна, иновативна и развиена општина, со еднакви можности и висококвалитетни услови за живеење за сите граѓани во урбаниот и во руралниот дел.

МИСИЈА
Континуирано подобрување на квалитетот, условите, безбедноста и стандардите на живеење преку креирање локални политики и воспоставување механизми за унапредување на еднаквите можности за жените и мажите во сите сфери на општественото живеење.

ВРЕДНОСТИ
Отвореност и транспарентност на општинската администрација, која ќе придонесе кон подобрена информираност и задоволство на граѓаните;
Еднаква застапеност и можности за сите без дискриминација;
Партиципативност и вклучување на граѓаните во активностите на Општината;
Иновативност во спроведување на политиките без дискриминациј

## 5. Стратешки приоритети и цели 2024 – 2027

**Стратешки приоритет 1: Економско јакнење на жените и мажите**
Цел 1: Унапредување на можностите за вработување
Активности:

- Зголемување на можностите за вработување на социјално ранливите групи, жените жртви од семејно и родово-базирано насилство и ризик, жени од рурални средини, самохрани мајки и жени со неоформено образование преку соодветна едукација (работилници)
- Информирање на граѓаните преку трибини и/или информатори и охрабрување на жените да се вклучат во програмите на Агенцијата за вработување
- Засилување на програмите за професионална ориентација за учениците/чките во основните и во средните училишта во согласност со потребите на пазарот на труд
- Зајакнување на родовата еднаквост и застапеност во проектите и во активностите за локален економски развој

Цел 2: Подобра рамнотежа на приватниот и професионалниот живот
Активности:

- Промовирање и стимулирање флексибилно работно време меѓу бизнис-заедницата што дејствува на територијата на општината
- Подигнување на свеста за распределбата на домашните обврски меѓу мажите и жените

**Стратешки приоритет 2: Унапредување на системот за грижа во делот на предучилишна возраст и стари и изнемоштени лица**
**Цел 1: Квалитетно згрижување на децата од претшколска возраст**
Активности:

- Континуирано зголемување на капацитетот на градинките на територијата на општината
- Подобрување на условите и на капацитетите за згрижување деца во постојните градинки во ОЃП
- Финансиска помош и поддршка за запишување деца во предучилишна грижа за родители од ранливи категории

**Цел 2: Помош и поддршка на старите лица и на лица што имаат потреба од туѓа грижа**
Активности:

- Услуги за помош и нега во домот
- Услуги во домот за лична асистенција
- Обезбедување транспорт на стари и изнемоштени лица, лица во социјален ризик и лица со попреченост
- Еднократна парична помош

**Стратешки приоритет 3: Елиминирање на насилството**
**Цел 1: Превенција и заштита од родово-базирано и семејно насилство**
Активности:

- Соработка со граѓански здруженија што работат во областа на превенција и заштита од родово-базирано и семејно насилство
- Бесплатна правна помош и поддршка на жени жртви од семејно и родово-базирано насилство
- Подигнување на свеста за потребата од елиминирање на насилството врз жените по пат на едукација и работилници

**Цел 2: Превенција и заштита од врсничко насилство**
Активности:

- Организирање работилници со наставниот кадар на тема спречување врсничко насилство во рамките на училиштата и градинките
- Организирање едукативни сесии со родителите и со учениците во кои ќе бидат вклучени експерти од областа

**Стратешки приоритет 4: Родовите аспекти во образованието**
**Цел: Подигнување на културата, социјализацијата и нивото на образование преку формални и неформални активности**
Активности:

- Дооформување на стручниот кадар во училиштата (психолог, педагог, социолог)
- Изготвување конкретни акциски планови за подигање на културата, социјализацијата и едукацијата во училиштата и градинките (тим подготвува акциски план што треба да го реализира)

- Афирмативни акции за децата на бранителите во училиштата и градинките
- Подобрување на образовните програми и на наставните содржини во градинките и училиштата за промовирање на концептите на родовата еднаквост, недискриминација и разбивање на стереотипите
- Подобрување на информираноста на локалното население (родители на деца) и наставници за поттикнување и вклучување во образовниот систем
- Изградба на ново училиште и доградба на две постојни

**Стратешки приоритет 5: Подобрување на инфраструктурата**
**Цел: Подобрена патна, комунална и енергетска инфраструктура во општината со директна вклученост на жените во иницирање и решавање на проблемите**
Активности:

- Активно вклучување на жените во изработка и реализација на урбанистичките планови како планери и во комисиите за урбанизам при нивна реализација
- Реализација на урбанистичките планови што ќе ги земат предвид потребите на мажите и жените во општината
- Управување на водоснабдувањето во насока на подобрување на квалитетот на животот на граѓаните, особено на жените, на територијата на ОЃП преку вклучување на жените во носењето одлуки и проектните екипи
- Изградба на фекална канализација за с. Орман и с. Никиштане
- Изградба на модерна патна и сообраќајна мрежа и директна вклученост на жените во проектирањето и изработката на квалитетни проекти во оваа област
- Подобрување на уличното осветлување за зголемување на безбедноста на жителите, особено на жените
- Замена на постојната мрежа со енергетски ефикасни светилки во насока на поквалитетно и подобро осветлување
- Отстранување на уличните кучиња и намалување на опасноста од напади преку засилена соработка со Град Скопје

Подобрување на енергетската ефикасност на системите за греење, замена на стари азбестни покриви, обнова на тоалетите и други потребни работи во градинките и во училиштата на територијата на ОЃП

**Стратешки приоритет 6: Родовите аспекти во спортот**
**Цел 1: Рамномерно учество на жените во сите спортски организации во однос на членството, натпреварувањето, тренерска работа и претставувањето на национално и на меѓународно ниво**
Активности:

- Промовирање програми за подобро вклучување на маргинализираните жени и девојчиња во спортот, со акцент на жените и девојчињата со попреченост
- Спроведување на начелото на вклучување на родовата перспектива во сите политики и програми за спортот, како неопходна мерка за подобрување на застапеноста на жените во спортот во општината

- Подобрување на условите во спортските објекти за жените и девојчињата, какви што се соблекувални, туш-кабини итн., приспособени на потребите на девојчињата и жените
- Спроведување мерки за подобрување на пристапот до спортските објекти за жени и девојчиња, мажи и момчиња со попреченост
- Зголемување на бројот на жени тренери што обезбедуваат дополнителна поддршка на жените и на девојчињата во спортот и ги препознаваат предизвиците со кои се соочуваат

**Цел 2: Унапредени и родово-одговорни политики и практики за спорт**

Активности:

- Обезбедување стимулации за спортските организации што имаат планови и активности за зголемување на членството на жените во нивните клубови / организации
- Зголемување на учеството на младите девојчиња и момчиња во спорт и физички активности во родово-неконвенционални спортови (на пр. девојчиња во фудбал, момчиња во одбојка) преку програми што се наменети за нивно поголемо вклучување во спортот и зајакнување
- Спроведување родово-одговорно буџетирање за женските клубови на локално ниво, вклучително и подобрување на системите за наградување
- Распределба на еднаков буџет на локално ниво за женските и за машките спортски клубови

**Цел 3: Развиена свест за родовата рамноправност и спортот**

Активности:

- Спроведување и промоција на кампањи за подигање на свеста за важноста на спортот и на физичките активности, како и придобивките од нив
- Спроведување кампањи за неутрализирање на негативните традиционални родови стереотипи во спортот

**Стратешки приоритет 7: Родово-сензитивна промоција на културата**

**Цел 1: Зголемување на бројот на културни манифестации со најразлични содржини за сите генерации**

Активности:

- Одржување културни манифестации со содржини во кои активно би се вклучиле и жените
- Активности во соработка со Националниот совет за родова рамноправност за одбележување на 8 Март и одбележување на Денот на Ромите преку вклучување и на ромската популација во културата
- Осовременување на постојниот центар за култура за прикажување театарски претстави и кинопроекции за возрасни и за деца

**Цел 2: Активно вклучување на жените и мажите во културниот живот на општината**

Активности:

- Изнаоѓање повеќе соодветни начини за подобрено информирање и стимулирање на жените и мажите за активно учество во културни манифестации
- Внесување повеќе содржини во културно-уметничките програми што се дел од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2023 година за возрасната популација
- Мапирање личности на територијата на ОЃП што дејствуваат во областа на културата и нивно вклучување во едукација на младите
- Наградување истакнати уметници од територијата на ОЃП

**Цел 3: Активно вклучување на помладата генерација преку развивање културно-забавен живот**

- Прикажување актуелни кинопроекции, театарски претстави за деца и за тинејџери
- Внесување повеќе содржини во културно-уметничките програми што се дел од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2023 година за помладата популација
- Организирање ликовни и литературни конкурси во училиштата по повод одбележување државни и општински празници со цел вклучување и на најмладите
- Активности во соработка со КУД и танцови групи на територијата на ОЃП

**Стратешки приоритет 8: Отворена општина за сите**
**Цел 1: Подобрена и ефикасна комуникација во месните и во урбаните заедници**
Активности:

- Континуирани средби со граѓаните во месните и во урбаните заедници
- Реализирање на дел од услугите во Општината по електронски пат
- Отворен ден за сите граѓани што ќе сакаат да споделат идеја, размислување, видување за подобрување на состојбите во општината
- Отворена и транспарентна општина (јавни настапи на градоначалникот, конференции, трибини, медиумско покривање, анкети)
- Приемни денови во Секторот за урбанизам за жени што сакаат да го развијат земјоделството во руралните делови

**Цел 2: Домашна и меѓународна соработка со општини од Европа**
Активности:

- Соработка со други општини од државата – збратимување со општини од Град Скопје
- Воспоставување и интензивирање на соработката со општините од Европа и збратимените општини
- Соработка со невладини организации и потпишување меморандуми за соработка и работење на заеднички проекти
- Координирање и водење меѓународни проекти со збратимените општини во рамките на унапредување на родовата еднаквост

**Стратешки приоритет 9: Родовите аспекти и институционален развој во Општина Ѓорче Петров**

**Цел: Унапредување на организациските и на институционалните капацитети за интегрирање на родовите аспекти во политиките и буџетите на Советот на ОЃП**

Активности:

- Водење системско собирање на родово-разделени податоци во сите области од работењето на Општината
- Унапредување на капацитетите на Комисијата за еднакви можности преку обуки и менторство
- Создавање внатрешна процедура за задолжително разгледување на програмите на општината од страна на Комисијата за еднакви можности (КЕМ) во насока на нивна родова сензибилизација
- Подготовка на насоки за начинот на работа на КЕМ и список за проверка на програмите
- Разгледување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров (од родов аспект) на КЕМ и негово усвојување

6. **Индикатори на ниво на цели и приоритети**

| Стратешки приоритет | Индикатори |
|---|---|
| Економско јакнење на жените и мажите | Намалена стапка на невработеност кај жени за 10% во однос на 2022 година |
| | Зголемена стапка на информираност и едуцираност на жени од ранливи категории за можности и мерки за вработување за 30% |
| Унапредување на системот за грижа за предучилишна возраст и за стари и изнемоштени лица | Зголемена стапка на згрижени деца во градинки за 20% |
| | Зголемен капацитет на домовите за стари лица во однос на 2022 година |
| | Намалена потреба за користење социјална помош |
| Елиминирање на насилството | Унапредени политики и протоколи за спроведување жртви на семејно и на родово-базирано насилство |
| | Број пријавени случаи на семејно насилство и РБН на шестмесечно ниво |
| | Унапредени политики и протоколи за превенција и заштита од врсничко насилство |
| Родовите аспекти во образованието | Зголемени и дооформени капацитети на стручниот кадар |
| | Број родови обуки и работилници за градење на капацитетите на наставниот кадар, на родителите и на децата |
| Подобрување на инфраструктурата | Подобрена патна, комунална и енергетска инфраструктура во општината и тоа за 20% во руралните области и за 10% во градските области во споредба со 2022 година |
| Родовите аспекти во спортот | Зголемен број жени и девојчиња вклучени во спортски активности и учество во клубови за 20% |
| | Унапредени и родово-одговорни политики за спорт (број донесени програми, позитивни мерки, распределен буџет) |
| Родово-сензитивна промоција на културата | Зголемено учество на жените и мажите во културните активности на општината за 30% |
| | Зголемен број културни активности поврзани со промоција на родовата рамноправност за 20% |

| | |
|---|---|
| Отворена општина за сите | Зголемен број прифатени иницијативи од граѓани за 40% во однос на 2022 година |
| | Број спроведени меѓународни проекти и меморандуми за соработка |
| Родовите аспекти и институционален развој (Совет) во Општина Ѓорче Петров | Унапредени политики за родова еднаквост |
| | Унапредени капацитети на Комисијата за еднакви можности |

## 7. Мониторинг и евалуација

Граѓаните, партнерите, Владата и другите релевантни чинители треба да знаат до која мера зацртаните планови во Стратегијата ги исполнуваат целите и водат кон посакуваните резултати. Мониторингот и евалуацијата градат поголема транспарентност и отчетност во однос на употребата на ресурсите и имплементацијата на активностите/мерките. Од друга страна, информациите што се собираат преку мониторинг и евалуација, ѝ обезбедуваат на Општината јасна основа за носење правилни одлуки. На овој начин, земајќи ги предвид научените искуства од минатото, се подобрува планирањето и подготвувањето идни стратегии, активности, мерки и програми.

Следењето на спроведувањето на Стратегијата за родова еднаквост на Општина Ѓорче Петров и резултатите од спроведување (мониторинг и евалуација), ќе го врши Интерсекторската група за еднакви можности во Општината во согласност со важечкото Решение за членови на групата. Со цел ефикасно и ефективно вршење мониторинг и евалуација, Интерсекторската група ќе назначи тим од 2 до 3 члена на чело со координаторот/ката за еднакви можности, кои ќе го водат процесот на барање и примање податоци, односно собирање информации. Сите членови на Интерсекторската група ќе имаат можност да ги соберат податоците од своите области на работа имајќи предвид дека Стратегијата опфаќа повеќе тематски области. Собирањето на податоците ќе се одвива во согласност со рамката на индикатори и временскиот период на спроведување за секоја активност предвидена со акцискиот план со цел редовно следење на спроведувањето на Стратегијата; и индикаторите на ниво на цели и приоритети за евалуација на целата Стратегија. Дополнително, доколку е потребно појаснување, членовите на тимот за мониторинг и евалуација ќе можат да побараат кратки годишни извештаи за постигнатите активности и резултати од секторите што дејствуваат во областа на Општината, а со цел добивање подетална слика за степенот на реализација и успехот од спроведувањето на Стратегијата во поглед на унапредувањето на родовата еднаквост во општината.

Ваквите извештаи може да содржат кратки наративни описи, кои ќе дадат одговор главно на следниве прашања:

1) До која мера спроведените активностите од Стратегијата придонеле кон исполнување на долгорочните главни цели? Дали имало непредвидени негативни или позитивни последици од спроведувањето на Стратегијата?

2) Какви промени се случиле како резултат на спроведените активности и на кој начин тие придонеле кон постигнување на посакуваното влијание на Стратегијата?
3) Кои директни опипливи продукти (работилници, обуки, документи, итн.) и услуги се обезбедени со Стратегијата како резултат на спроведените активности?
4) Дали буџетот/ресурсите се користеле според планот и на корисен начин?

Мониторингот ќе се одвива континуирано во текот на целата имплементација на Стратегијата и на Акцискиот план, а евалуација ќе се врши еднаш годишно. Стратегијата ќе биде преточена во реализација на годишната програма за родова еднаквост.

## 8. Акциски План

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ** – ЕКОНОМСКО ЈАКНЕЊЕ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

**Цел 1 – Унапредување на можностите за вработување**

| **Активности** | Индикатори | Временска рамка | Буџет | Одговорни |
|---|---|---|---|---|
| Зголемување на можностите за вработување на социјално ранливите групи, жените жртви од семејно и родово-базирано насилство и ризик, жени од рурални средини, самохрани мајки и жени со неоформено образование преку соодветна едукација (работилници) | % на зголемување вработени жени од ранливи и маргинализирани групи | 2024 - 2027 | 500.000 | Одд. за јавни дејности – Помлад соработник за социјална и здравствена заштита |
| Информирање на граѓаните преку трибини и/или информатори и охрабрување на жените да се вклучат во програмите на Агенцијата за вработување | Број информирани граѓани (мажи и жени) за програми за вработување на годишно ниво | 2024 - 2027 | 500.000 | Одд. за јавни дејности – Помлад соработник за социјална и здравствена заштита |
| Засилување на програмите за професионална ориентација за учениците/чките во основните и средните училишта во согласност со потребите на пазарот на труд | Програми што вклучуваат едукација и насоки за професионална ориентација за учениците/чките;<br>Број наставни содржини на годишно ниво што се покриени со вакви програми | 2024 - 2027 | 300.000 | Одд. за јавни дејности – Одговорен за образование |
| Зајакнување на родовата еднаквост и застапеност | Број проекти за локален економски развој во кои | 2024 - 2027 | 1.000.000 | Одд. за јавни дејности – Советник за родова еднаквост |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| во проектите и на активностите за локален економски развој | родовата перспектива е вклучена во проектот, но родовата еднаквост не е главна цел (маркер 1) и број проекти во кои унапредувањето на родовата еднаквост е главна цел (маркер 2) | | | |
| **Цел 2 – Подобра рамнотежа на приватниот и професионалниот живот** | | | | |
| **Активности** | Индикатори | Временска рамка | Буџет | Одговорни |
| Промовирање и стимулирање флексибилно работно време меѓу бизнис-заедницата што дејствува на територијата на општината | Средби, настани, трибини, информативни материјали, итн., на кои се промовирало флексибилно работно време | 2024 - 2027 | 340.000 | Одд. за јавни дејности – Помлад соработник за социјална и здравствена заштита |
| Зголемување на свеста за распределбата на домашните обврски меѓу мажите и жените | Средби, настани, трибини, информативни материјали, итн., на кои се промовирала правична и еднаква распределба на домашните обврски | 2024 - 2027 | 480.000 | Одд. за јавни дејности – Советник за родова еднаквост |
| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ** – УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ НА ГРИЖА ВО ДЕЛОТ НА ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ И СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА | | | | |
| **Цел 1 – Квалитетно згрижување на децата од претшколска возраст** | | | | |
| **Активности** | Индикатори | Временска рамка | Буџет | Одговорни |
| Континуирано зголемување на капацитетот на градинките на територијата на општината | Број нови градинки на територијата на општината;<br><br>% на зголемување на бројот на деца згрижени во градинки на годишно ниво; | 2024 - 2027 | 55.000.000 | ОЃП, МТСП<br>Помлад соработник за социјална и здравствена заштита |
| Подобрување на условите и на капацитетите на згрижување деца во постојните градинки во ОЃП | Број градинки во кои се подобрени условите за згрижување деца (на пр. доволен број воспитувачки, реновирани простории, соодветна хигиена, исхрана, итн.) | 2024 - 2027 | 300.000 | ОЃП, МТСП<br>Помлад соработник за социјална и здравствена заштита |
| Финансиска помош и поддршка за запишување деца во предучилишна грижа за родители од ранливи категории | Број доделена финансиска помош | 2024 - 2027 | 350.000 | ОЃП – Помлад соработник за социјална и здравствена заштита |
| **Цел 2 – Помош и поддршка на старите и лица што имаат потреба од туѓа грижа** | | | | |
| **Активности** | Индикатори | Временска рамка | Буџет | Одговорни |
| Услуги за помош и нега во домот | Број дадени услуги разделен по пол | 2024 - 2027 | 300.000 | ОЃП, УНДП Помлад соработник за социјална и здравствена заштита |
| Услуги во домот за лична асистенција | Број дадени услуги во домот разделен по пол | 2024 - 2027 | 1.200.000 | ОЃП, УНДП<br>Помлад соработник за социјална и здравствена заштита |
| Обезбедување транспорт на стари и изнемоштени лица, лица во социјален | Број лица опфатени со активноста разделен по пол и по категорија (помош за | 2024 - 2027 | 400.000 | ОЃП, Црвен крст на РСМ<br>Помлад соработник за социјална и здравствена заштита |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ризик и лица со попреченост | изнемоштено лице, лице во социјален ризик, лице со попреченост) | | | |
| Еднократна парична помош | Број дадена еднократна парична помош, разделен по пол | | 4.000.000 | ОЃП<br>Помлад соработник за социјална и здравствена заштита |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ** – ЕЛИМИНИРАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО

**Цел 1: Превенција и заштита од родово-базирано и семејно насилство**

| **Активности** | Индикатори | Временска рамка | Буџет | Одговорни |
|---|---|---|---|---|
| Соработка со граѓански здруженија што работат во областа на превенција и заштита од родово-базирано и семејно насилство | Број и имиња на граѓански здруженија што работат во областа на превенција и заштита од родово-базирано и семејно насилство и соработуваат со Општината | 2024 - 2027 | 3.000.000 | ОЃП, НСРР, ЦИКП –<br>Советник за родова еднаквост |
| Бесплатна правна помош и поддршка на жени жртви од семејно и родово-базирано насилство | Број остварена бесплатна правна помош (БПП) и поддршка на жени жртви од семејно и родово-базирано насилство на шестмесечно ниво;<br><br>Број позитивно разрешени постапки според дадената БПП. | 2024 - 2027 | | |
| Подигнување на свеста за потребата од елиминирање на насилството врз жените по пат на едукација и работилници | Број одржани работилници за подигнување на свеста за РБН и насилство врз жени на годишно ниво | 2024 - 2027 | 600.000 | ОЃП, НСРР –<br>Советник за родова еднаквост |

**Цел 2: Превенција и заштита од врсничко насилство**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Организирање работилници со наставниот кадар на тема спречување врсничко насилство во рамките на училиштето и градинките | Број одржани работилници со наставниот кадар за спречување врсничко насилство на годишно ниво | 2024 - 2027 | 700.000 | ОЃП, НСРР, ЦИКП –<br>Помлад соработник за социјална и здравствена заштита |
| Организирање на едукативни сесии со родителите и учениците во кои ќе бидат вклучени експерти од областа | Број одржани едукативни сесии за врсничко насилство со родители и ученици;<br><br>Број присутни ученици и родители на едукативните сесии; | 2024 - 2027 | 500,000 | ОЃП, НСРР, ЦИКП – Помлад соработник за социјална и здравствена заштита |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ** – РОДОВИТЕ АСПЕКТИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

**Цел** – Подигнување на културата, социјализацијата и нивото на образование преку формални и неформални активности

| **Активности** | Индикатори | Временска рамка | Буџет | Одговорни |
|---|---|---|---|---|
| Дооформување на стручниот кадар во училиштата (психолог, педагог, социолог) | Покриеност на училиштата со соодветен стручен кадар изразено во % | 2024 - 2027 | | МОН ОЃП –<br>Одговорен за образование |
| Изготвување конкретни акциски планови за подигање на културата, | Број изготвени акциски планови со вклучена родова перспектива | 2024 - 2027 | 500.000 | ОЃП Училишта –<br>Одговорен за образование |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| социјализацијата и едукацијата во училиштата и градинките | | | | | |
| Афирмативни акции за децата на бранителите во училиштата и градинките | Вид афирмативна акција изгласана и спроведена за тековната година | 2024 - 2027 | 1 | 7.200.000 Градинки | ОЃП – Помлад соработник за социјална и здравствена заштита |
| Подобрување на образовните програми и на наставните содржини во градинките и училиштата за промовирање на концептите на родовата еднаквост, недискриминација и разбивање на стереотипите | % на образовни програми и наставни содржини што промовираат родовата еднаквост, недискриминација и разбивање на стереотипите | 2024 - 2027 | | 500.000 | ОЃП училишта – Одговорен за образование |
| Подобрување на информираноста на локалното население (родители на децата) и на наставниците и поттикнување и вклучување во образовниот систем | Родово разделен број новозапишани и вклучени деца во образовниот систем како резултат на подобрената информираност | 2024 - 2027 | | 6.000.000 | ОЃП училишта – Одговорен за образование |
| Изградба на ново училиште и доградба на две постојни училишта | Изградено +1 училиште Доградени +2 училишта | 2024 - 2027 | | 200.000.000 | МОН ОЃП Светска банка – Одговорен за образование |
| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ** – ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА | | | | | |
| **Цел: Подобрена патна, комунална и енергетска инфраструктура во општината со директна вклученост на жените во иницирање и решавање на проблемите** | | | | | |
| Активно вклучување на жените во изработка и реализација на урбанистичките планови како планери и во комисиите за урбанизам при нивна реализација | % на жени вклучени во изработка и реализација на урбанистички планови | 2024 - 2027 | | 720.000 | Урбанизам – Одговорно лице |
| Реализација на урбанистичките планови што ќе ги земат предвид потребите на мажите и жените во општината | Список на активности вклучени во урбанистички планови што се родово-сензитивни | 2024 - 2027 | | 900.000 | Урбанизам – Одговорно лице |
| Управување на водоснабдувањето во насока на подобрување на квалитетот на животот на граѓаните, особено на жените, на територијата на ОЃП преку вклучување на жените во носењето одлуки и проектните екипи | % на жени вклучени во одлучувачки структури на управување со водоснабдување | 2024 - 2027 | | 30.000.000 | Урбанизам – Одговорно лице |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изградба на модерна патна и сообраќајна мрежа и директна вклученост на жените во проектирањето и изработката на квалитетни проекти во оваа област | Километри изградена патна и сообраќајна мрежа;<br><br>Број жени вклучени во изработка на проекти од областа; | 2024 - 2027 | 200.000.000 | Урбанизам Град Скопје – Одговорно лице |
| Подобрување на уличното осветлување за зголемување на безбедноста на жителите, особено на жените | Број новопоставени канделабри;<br><br>Број обновени канделабри;<br><br>Број улици со подобрено осветлување; | 2024 - 2027 | 12.000.000 | ЕОР<br>– Одговорно лице |
| Замена на постојната мрежа со енергетски ефикасни светилки во насока на поквалитетно и подобро осветлување | % на заменети светилки; | 2024 - 2027 | 12.000,000 | Урбанизам<br>– Одговорно лице |
| Отстранување на уличните кучиња и намалување на опасноста од напади преку засилена соработка со Град Скопје | % на намалување на пријавите на нападнати/каснати граѓани од куче-скитник | 2024 - 2027 | | Град Скопје<br>– Одговорно лице |
| Подобрување на енергетската ефикасност на системите за греење, замена на стари азбестни покриви, обнова на тоалетите и други потребни работи во градинките и училиштата на територијата на ОЃП | Број училишта и градинки со реновирани системи за греење, покриви, тоалети и други потребни реконструкции | 2024 - 2027 | 200.000.000 | ОЃП МОН<br>– Одговорно лице |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ –** РОДОВИТЕ АСПЕКТИ ВО СПОРТОТ

**Цел 1 – Рамномерно учество на жените во сите спортски организации во однос на членството, вежбањето, натпреварувањето, теренската работа и претставувањето на национално и на меѓународно ниво**

| **Активности** | Индикатори | Временска рамка | Буџет | Одговорни |
|---|---|---|---|---|
| Промовирање програми за подобро вклучување на маргинализираните жени и девојчиња во спортот, со акцент на жените и девојчињата со попреченост | Број поднесени предлог-програми за вклучување жени и девојчиња во спортот | 2024 - 2027 | 300.000 | ОЃП – Одд. за јавни дејности<br>– Соработник за спорт |
| Спроведување на начелото на вклучување на родовата перспектива во сите политики и програми за спортот, како неопходна мерка за подобрување на застапеноста на жените во спортот во општината | Број политики и програми за спортот во кои е вклучено начелото за родова еднаквост | 2024 - 2027 | 360.000 | ОЃП – Одд. за јавни дејности<br>– Соработник за спорт |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Подобрување на условите во спортските објекти за жените и девојчињата, како што се соблекувални, туш-кабини итн., приспособени на потребите на девојчињата и жените | Број и видови активности преземени за подобрување на условите во спортските објекти во согласност со потребите на жените и девојчињата | 2024 - 2027 | 2.000.000 | ОЃП – Одд. за јавни дејности – Соработник за спорт |
| Спроведување мерки за подобрување на пристапот до спортските објекти за жени и девојчиња со попреченост | Број и видови активности преземени за подобрување на пристапот до спортски објекти | 2024 - 2027 | 1.000.000 | ОЃП – Одд. за јавни дејности – Соработник за спорт |
| Зголемување на бројот на жени тренери што обезбедуваат дополнителна поддршка на жените и девојчињата во спортот и ги препознаваат предизвиците со кои се соочуваат | % на зголемување на бројот на жени тренери | 2024 - 2027 | 300.000 | ОЃП – Одд. за јавни дејности – Соработник за спорт |

**Цел 2 – Унапредени и родово-одговорни политики и практики за спорт**

| **Активности** | Индикатори | Временска рамка | Буџет | Одговорни |
|---|---|---|---|---|
| Обезбедување стимулации за спортските организации што имаат планови и активности за зголемување на членството на жените во нивните клубови/ организации | Број и вид обезбедени стимулации на годишно ниво | 2024 - 2027 | 350.000 | ОЃП – Одд. за јавни дејности – Соработник за спорт |
| Зголемување на учеството на младите девојчиња и момчиња во спорт и физички активности во родово-неконвенционални спортови (на пр. девојчиња во фудбал, момчиња во одбојка) преку програми што се наменети за нивно поголемо вклучување во спортот и зајакнување | Број спроведени програми за вклучување жени и девојчиња во спортот | 2024 - 2027 | 200.000 | ОЃП – Одд. за јавни дејности – Соработник за спорт |
| Спроведување родово-одговорно буџетирање за женските клубови на локално ниво, вклучително и подобрување на системите за наградување | % на спортски клубови од вкупниот број клубови на територијата на ОПЃ што спроведуваат родово-одговорно буџетирање | 2024 - 2027 | 400.000 | ОЃП – Одд. за јавни дејности – Соработник за спорт |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Распределба на еднаков буџет на локално ниво за женските и за машките спортски клубови | % од буџетот кој е наменет за женски клубови и учество на жените и девојчињата во спортот | 2024 - 2027 | 1.000.000 | ОЃП – Одд. за јавни дејности – Соработник за спорт |

**Цел 3 – Развиена свест за родовата рамноправност и спортот**

| **Активности** | Индикатори | Временска рамка | Буџет | Одговорни |
|---|---|---|---|---|
| Спроведување и промоција на кампањи за подигање на свеста за важноста на спортот и на физичките активности, како и придобивките од нив | Број спроведени кампањи за подигање на свеста за важноста на спортот и физичките активности за сите | 2024 - 2027 | 400.000 | ОЃП – Одд. за јавни дејности – Соработник за спорт |
| Спроведување кампањи за неутрализирање на негативните традиционални родови стереотипи во спортот | Број спроведени кампањи за неутрализирање на негативните традиционални родови стереотипи во спортот | 2024 - 2027 | 400.000 | ОЃП – Одд. за јавни дејности – Соработник за спорт |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ** – РОДОВО-СЕНЗИТИВНА ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРАТА

**Цел 1 – Зголемување на бројот на културни манифестации со најразлични содржини за сите генерации**

| **Активности** | Индикатори | Временска рамка | Буџет | Одговорни |
|---|---|---|---|---|
| Одржување културни манифестации со содржини во кои активно би се вклучиле и жените | Број одржани културни манифестации на кои активно учествувале жени | 2024 - 2027 | 500.000 | Одделение за поддршка на градоначалникот<br>Одделение за јавни дејности – Советник за култура |
| Активности во соработка со Националниот совет за родова рамноправност за одбележување на 8 Март и одбележување на Денот на Ромите преку вклучување и на ромската популација во културата | Број спроведени активности во соработка со Националниот совет за родова рамноправност | 2024 - 2027 | 300.000 | Одделение за поддршка на градоначалникот<br>Одделение за јавни дејности – Советник за култура |
| Осовременување на постојниот центар за култура за прикажување на театарски и кино претстави и за возрасни и за деца | Осовремен/реновиран центар за култура | 2024 - 2027 | 1.500.000 | Одделение за јавни дејности – Советник за култура |

**Цел 2 – Активно вклучување на жените и мажите во културниот живот на општината**

| **Активности** | Индикатори | Временска рамка | Буџет | Одговорни |
|---|---|---|---|---|
| Изнаоѓање повеќе соодветни начини за подобрено информирање и стимулирање на жените и девојките за активно учество во културни манифестации | Број и видови спроведени стимулативни мерки за учество на жени и девојчиња во културни манифестации | 2024 - 2027 | 180.000 | Одделение за поддршка на градоначалникот<br>Одделение за јавни дејности – Советник за култура |
| Внесување повеќе содржини во културно-уметничките програми што се дел од Програмата | % на родово-сензитивни содржини од вкупниот број содржини во културно-уметничките програми дел од | 2024 - 2027 | 1.000.000 | Одделение за јавни дејности – Советник за култура |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2024 година за возрасната популација | Програмата на ОЃП од областа на културата и поддршката на невладиниот сектор | | | |
| Мапирање личности на територијата на ОЃП што дејствуваат во областа на културата и нивно вклучување во едукација на младите | Број и профил на мапирани личности | 2024 - 2027 | 300.000 | Одделение за јавни дејности – Советник за култура |
| Наградување истакнати уметници на територијата на ОЃП | Родово разделен број наградени уметници од општината | 2024 - 2027 | 700.000 | Одделение за јавни дејности – Советник за култура |

**Цел 3 – Активно вклучување на помладата генерација преку развивање културно-забавен живот**

| **Активности** | Индикатори | Временска рамка | Буџет | Одговорни |
|---|---|---|---|---|
| Прикажување на актуелни кинопроекции, театарски претстави за деца и за тинејџери | Број прикажани родово-сензитивни проекции и театарски претстави за деца и тинејџери | 2024 - 2027 | 400.000 | Одделение за поддршка на градоначалникот<br>Одделение за јавни дејности – Советник за култура |
| Внесување повеќе содржини во културно-уметничките програми што се дел од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2024 година за помладата популација | % на родово-сензитивни содржини од вкупниот број содржини во културно-уметничките програми дел од Програмата на ОЃП од областа на културата и поддршката на невладиниот сектор | 2024 - 2027 | 500.000 | Одделение за јавни дејности – Советник за култура |
| Организирање ликовни и литературни конкурси во училиштата по повод одбележување државни и општински празници со цел вклучување и на најмладите | Број организирани родово-сензитивни литературни конкурси во училиштата | 2024 – 2027 | 300.000 | Одделение за јавни дејности – Советник за култура |
| Активности во соработка со КУД на територијата на ОЃП | Број и вид спроведени активности во соработка со КУД | 2024 - 2027 | 5.880.000 | Одделение за јавни дејности – Советник за култура |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ** – ОТВОРЕНА ОПШТИНА ЗА СИТЕ

**Цел 1 – Подобрена и ефикасна комуникација во месните и урбаните заедници**

| **Активности** | Индикатори | Временска рамка | Буџет | Одговорни |
|---|---|---|---|---|
| Континуирани средби со граѓаните во месните и во урбаните заедници | Број остварени средби со граѓаните разделен по пол | 2024 - 2027 | 380.000 | Одделение за поддршка на градоначалникот<br>Советник за координација на активностите на градоначалникот во домашна и меѓународна соработка |
| Реализирање на дел од услугите на Општината по електронски пат | Број реализирани услуги по електронски пат разделен по пол на примателот на услугата | 2024 - 2027 | 5.000.000 | Одделение за поддршка на градоначалникот – Советник за координација на активностите на градоначалникот во домашна и меѓународна соработка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Отворен ден за сите граѓани што ќе сакаат да споделат идеја, размислување, видување за подобрување на состојбите во општината | Број присутни на отворениот ден, разделен по пол | 2024 - 2027 | 300.000 | Одделение за поддршка на градоначалникот<br>Советник за координација на активностите на градоначалникот во домашна и меѓународна соработка |
| Отворена и транспарентна општина – (јавни настапи на градоначалникот, конференции, трибини, медиумско покривање, анкети) | % на одржани јавни настапи, конференции, трибини, анкети и медиумски покритија што опфатиле тема од областа на еднаквоста | 2024 - 2027 | 300.000 | Одделение за поддршка на градоначалникот<br>Советник за координација на активностите на градоначалникот во домашна и меѓународна соработка |
| Приемни денови во Секторот за урбанизам за жени што сакаат да го развијат земјоделството во руралните делови | Број примени жени во Секторот | 2024 - 2027 | 400.000 | Одделение за поддршка на градоначалникот<br>Советник за координација на активностите на градоначалникот во домашна и меѓународна соработка |

Цел 2 – Домашна и меѓународна соработка со општини од Европа

| **Активности** | Индикатори | Временска рамка | Буџет | Одговорни |
|---|---|---|---|---|
| Соработка со други општини од државата – збратимување со општини од Град Скопје | Број склучени меморандуми за соработка со други општини од Град Скопје | 2024 - 2027 | 400.000 | Одделение за поддршка на градоначалникот<br>Советник за координација на активностите на градоначалникот во домашна и меѓународна соработка |
| Воспоставување и интензивирање на соработката со општините од Европа и збратимените општини | Број надворешни општини со кои е склучена соработка | 2024 - 2027 | 500.000 | Одделение за јавни дејности<br>Советник за координација на активностите на градоначалникот во домашна и меѓународна соработка |
| Соработка со невладини организации и потпишување меморандуми за соработка и работење на заеднички проекти | Број средби со невладини организации што работат во областа на родова еднаквост и унапредување на правата на жените;<br>Број потпишани меморандуми за соработка; | 2024 - 2027 | 4.000.000 | Одделение за јавни дејности<br>Советник за координација на активностите на градоначалникот во домашна и меѓународна соработка |
| Координирање и водење меѓународни проекти со збратимените општини во рамките на унапредување на родовата еднаквост | Број спроведени меѓународни проекти што ја опфаќаат родовата еднаквост во целите | 2024 - 2027 | 4.000.000 | Советник за координација на активностите на градоначалникот во домашна и меѓународна соработка |

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ – Родовите аспекти и институционален развој (Совет) во Општина Ѓорче Петров

Цел 1: Унапредување на организациски и институционални капацитети за интегрирање на родовите аспекти во политиките и буџетите на Советот на ОЃП

| **Активности** | Индикатори | Временска рамка | Буџет | Одговорни |
|---|---|---|---|---|
| Водење системско собирање на родово-разделени податоци во сите области од работењето на Општината | Воспоставен систем за собирање и евидентирање родово-разделени податоци во работата на Општината | 2024 - 2025 | 360.000 | Одделение за јавни дејности<br>Координатор за еднакви можности |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Унапредување на капацитетите на Комисијата за еднакви можности преку обуки и менторство | Број обуки<br>Број мажи и жени што учествувале на обуките | 2024 - 2027 | 500.000 | Одделение за јавни дејности и КЕМ – Координатор за родова еднаквост |
| Создавање внатрешна процедура за задолжително разгледување на програмите на Општината од страна на Комисијата за еднакви можности (КЕМ) во насока на нивна родова сензибилизација | Оформена и одобрена процедура за задолжително разгледување на програмите на општините од страна на КЕМ | 2024 - 2025 | 400.000 | Одделение за јавни дејности и КЕМ – Координатор за родова еднаквост |
| Подготовка на насоки за начинот на работа на КЕМ и список за проверка на програмите | Подготвени документи со насоки | 2024 - 2025 | 350.000 | Одделение за јавни дејности и КЕМ – Координатор за родова еднаквост |
| Разгледување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров (од родов аспект) на КЕМ и негово усвојување | Список на учесници разделени по пол од присутните на разгледувањето на Буџетот | 2024 - 2027 | 300.000 | Одделение за јавни дејности и КЕМ – Координатор за родова еднаквост |

## Прилог 1 – Институциограм

**Државни институции што соработуваат со Општина Ѓорче Петров:**

Министерство за образование и наука
Центар за образование на возрасни
Центар за средно стручно образование
Агенција за вработување
Биро за развој на образование
Град Скопје
Министерство за култура
Министерство за труд и социјална работа
Завод за културно наследство
Агенција за млади и спорт
Агенција за катастар на недвижности
Институт за историја
Институт за фолклор
Меѓуопштински центар за социјални работи
Министерство за животна средина
Комисија за заштита од дискриминација
Министерство за локална самоуправа
Агенција за рурален развој
Скопски плански регион

Министерство за транспорт и врски
ЈП – Агенција за државни патишта
Министерство за внатрешни работи

**ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ што функционираат на територијата на Општина Ѓорче Петров или соработуваат со Општината**

***Култура***
КУД „Глигор Прличев“
ЕФЗ „Седум осмини“
Ансамбл „Ѓорче Петров“
Танцов спортски клуб „Бранимир и Бранкица“
Центар за изведувачки уметности и едукација „Театар Пи“
Здружение „Културен феникс“

***Спорт***
ФК „Македонија Ѓорче Петров“
ЖРК „Ѓорче Петров“
РК „Македонија – Ѓорче Петров“
ФК „Волково“
Карате клуб „Ѓорче Петров“
Отворени забавни фудбалски школи
Општински Сојуз на училиштен спорт
Одбојкарски клуб „Ѓорче Петров“
ФК „Њу старс“
ФК „Никиштани“

***Социјала и образование***
Здружение на граѓани „Дендо Вас“
Здружение на граѓани „Лил“
Центар за помош на лица со ментален хендикеп „Порака“ – Неготино

**ЗЕЛС – Здружение на единици на локалната самоуправа**

**Меѓународни организации:**
УН ВОМЕН
ОБСЕ
УНДП
Швајцарска агенција за развој
УСАИД
МЦГО

МЕДИУМИ И ОПШТА ЈАВНОСТ

Електронски пишани и аудио медиуми во зависност од програмата и редакцијата

Веб-страница на Општината

Социјални мрежи

Телевизија МТМ
Телевизија ЕДО
Дневни весници

**Прилог 2 – Основни поими**

**Род** е општествено создадена разлика помеѓу мажите и жените. Ова е различно од пол. Полот претставува биолошка разлика помеѓу мажите и жените. Кога се споменува дека мажите и жените не се еднакви, не мислиме само на биологија (биолошки/полови разлики) туку исто така зборуваме и за различните улоги што се создадени од општеството (родови разлики).

**Родовите улоги** се социјално дефинирани/создадени, тие варираат од една во друга култура, па дури и во рамките на една култура и како такви се подложни на промени и редефинирање со текот на времето.

**Родова свесност** е препознавањето дека мажите и жените исполнуваат различни улоги во општеството и дека последователно имаат различни потреби што мора да се земат предвид.

**Родова еднаквост** е концептот дека еднакви права и можности треба да уживаат сите жени, мажи, момчиња и девојчиња во сите аспекти на нивното живеење: општествени, политички, правни и економски.

**Родова осетливост (сензитивност)** – Термин што се однесува на способноста да се сфати и да се обелодени постоењето на родовите разлики, проблеми и нееднаквости и тие да се вградат во стратегиите и акциите за нивно надминување.

**Родово разделени податоци** – Утврдувањето и подготвувањето на родовата статистика е комплексен процес што ја надминува едноставната поделба на показателите на категориите мажи и жени. Родово разделените податоци се насочени кон прашањата што имаат определена важност за жените и мажите и нивните различни улоги и позиции во општеството и помагаат кон креирање родово-сензитивни политики.

**Родова рамнотежа (или баланс)** е идеалната состојба каде што сите жени, мажи, девојчиња и момчиња ги уживаат еднаквите можности и права, земаат еднакво учество во сите сфери на работата, проектите или програмите и живеат со меѓусебна почит. Во состојба на родова еднаквост, се очекува жените и мажите да учествуваат

пропорционално на нивната застапеност во населението. Сепак, во многу области жените учествуваат во помала мера од она што се очекува врз основа на застапеноста на полот во населението (подзастапеност на жените), а мажите учествуваат повеќе отколку што се очекува (презастапеност на мажите).

**Родова дискриминација** е секое разликување, исклученост или рестрикција врз основа на пол, што влијае врз, или има за цел да го попречи или да го поништи признавањето, уживањето или остварувањето на човековите права и основни слободи на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, културната, граѓанската или која било друга сфера, независно од нивниот брачен статус, и врз основа на еднаквоста на мажите и жените. Ваквата дискриминација придонесува за структурни нееднаквости во општеството.

**Родови односи на моќ** се начинот на кој родот ја обликува распределбата на моќта на сите нивоа од општеството. Еден од најупорните шаблони во распределбата на моќта се однесува токму на нееднаквостите меѓу жените и мажите. Збирот од правила, однесувања и ставови што ги дефинираат општествата како соодветни за жените и мажите може да биде причина, последица и механизам на односи на моќ, од приватната сфера на домот до највисоките нивоа на политичко одлучување. Пошироките структури и институции исто можат да ја обликуваат распределбата на моќта преку засилување и потпирање на родовите улоги.

**Интеграција на родовата перспектива** е систематско разгледување на разликите меѓу условите, состојбите и потребите на жените и мажите во сите политики и дејства. Интегрирањето на родовата перспектива или димензија претставува (ре)организација, подобрување, развој и евалуација на процесите на политиките, за да се интегрира перспективата на родовата еднаквост во сите политики, на сите нивоа и во сите фази, од страна на чинителите што најчесто се вклучени во креирањето политики. Интегрирањето на родовата перспектива е комплементарна стратегија и не е замена за насочени политики и програми во чиј центар се жените, за законодавство за родова еднаквост, за институционални механизми за родова еднаквост и за специфични интервенции чија цел е да се затвори родовиот јаз.

**Родова анализа** е критичко промислување за тоа како разликите во родовите улоги, активности, потреби, можности и права влијаат врз жените, мажите, девојчињата и момчињата во дадена област на политиките, ситуација или контекст. Родовата анализа ги испитува односите меѓу жените и мажите и меѓусебните ограничувањата со кои се соочуваат при постигнувањето на родовата еднаквост во дадена област. Родовата анализа може да се спроведе врз основа на квалитативни информации и методи и/или врз основа на квантитативни информации што ги нуди родовата статистика.

**Родов мониторинг и евалуација** е процес што бара практиките за мониторинг, известување и евалуација за сите политики и планови да ја интегрираат родовата

перспектива, како во практиките и придонесите, така и во резултатите и влијанијата, за да се осознае како влијаат програмите и специфичните проекти врз животите на жените и мажите и да се загарантира дека нема да се поддржи опстојувањето на нееднаквоста.

**Родова десегрегација** на податоци е класифицирање информации врз основа на полот, што нуди основни индикатори за потребите врз основа на родот.

**Родов индикатор** е алатка за следење на родовите разлики, промените што настануваат низ времето и што се врзани за родовите и напредокот кон постигнувањето на целите на родовата еднаквост.

**Родово-одговорно буџетирање** е интегрирање на родовата перспектива во буџетскиот процес што подразбира родово-базирана процена на буџетите, вклучување на родовата перспектива на сите нивоа на буџетскиот процес и преструктуирање на приходите и на расходите со цел да се промовира родовата еднаквост.

**Родово-буџетски иницијативи (РБИ)** – Иницијативи за процеси на родова сензибилизација на буџетите. Нивната цел е да овозможи механизми со чија помош владите/локалните самоуправи во соработка со парламентот, граѓански групи, донатори и други агенции за развој, ќе можат да ја интегрираат родовата перспектива во планирањето, креирањето и спроведувањето на буџетот.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект Детска градинка во Стопански Двор-Ново Село Општина Ѓорче Петров – Скопје**

Се објавува Одлуката за ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект Детска градинка во Стопански Двор-Ново Село, Општина Ѓорче Петров – Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и првата седница на советот, одржана на ден 26.04.2024 година.

**Број 02-793/6**
**од 26.04.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член  36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ број   05/02), а во врска со член 59 од Законот за градење (“Службен весник на РМ” бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13,137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 41-та седница одржана на ден 26.04.2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## за ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградбана објект Детска градинка во Стопански Двор-Ново Село, Општина Ѓорче Петров - Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука инвеститорот Општина Ѓорче Петров, се ослободува од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект Детска градинка во Стопански Двор-Ново Село, Општина Ѓорче Петров - Скопје, која се наоѓа на КП број 491/1 КО Ѓорче Петров 1 – Ново Село, УПС за село Ново Село за Г.П. 2.13, донесен со Одлука на советот на Општина Ѓорче Петров број 08-1819/7 од 16.11.2020 година.

### Член 2

Ослободувањето од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште е целосно.

### Член 3

Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на инвеститорот, односно Општина Ѓорче Петров.

### Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-718/8**
**од 26.04.2024 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**